4267 Стручни услуги	**620.000**	**2.000.000**
426712 Независни консултанти и експерти	620.000	0
426718 Други договорни услуги	0	2.000.000
427 Други оперативни расходи	**1.047.000**	**1.200.000**
4271 Други оперативни расходи	**1.047.000**	**1.200.000**
427117 Репрезантација	557.000	800.000
427122 Други оперативни расходи	490.000	400.000
44 ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ И СУБВЕНЦИИ	**8.000.000**	**35.000.000**
441 Трансфери до други нивоа на власт	**8.000.000**	**35.000.000**
4413 Трансфери до Фондот за здравство	**3.000.000**	**13.000.000**
441323 Други трансфери до Фондот за здравство	3.000.000	13.000.000
4414 Трансфери до Фондот за ПИОМ	**5.000.000**	**22.000.000**
441420 Други трансфери до ПИОМ	5.000.000	22.000.000
45 КАМАТНИ ПЛАЌАЊА	**18.000.000**	**20.000.000**
451 Камати по домашен долг	**18.000.000**	**20.000.000**
4511 Каматни плаќања до други нивоа на државна власт	**18.000.000**	**20.000.000**
451114 Камати по домашни кредити	18.000.000	20.000.000

	ОПИС	Буџет 2002	Буџет 2003
46	**КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА**	**3.100.000**	**2.500.000**
463	**Купување на мебел и канцелариска опрема**	**750.000**	**1.000.000**
4632	**Купување на опрема**	**750.000**	**1.000.000**
463211	Купување на канцелариска опрема	500.000	1.000.000
463218	Купување на друга опрема	250.000	0
464	**Купување на моторни возила**	**2.000.000**	**1.500.000**
4641	**Купување на моторни возила**	**2.000.000**	**1.500.000**
464111	Купување на моторни возила	2.000.000	1.500.000
465	**Физибилити студии, подготовка на проекти и дизајн**	**350.000**	**0**
4652	**Изработка на проекти**	**350.000**	**0**
465211	Изработка на проекти	350.000	0
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА**	**0**	**420.000.000**
491	**Отплата на главнина по домашен долг**	**0**	**420.000.000**
4912	**Отплата на главнина по домашен краткорочен долг**	**0**	**420.000.000**
491212	Отплата на главнина по краткорочни кредити	0	420.000.000

Член 4

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Буџетот на Фондот за земјоделство за 2003 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2003 година.

БУЏЕТ

НА ЗАВОДОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗА 2003 ГОДИНА

I. ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Заводот за вработување на Република Македонија за 2003 година се состои од:

-во денари

I. Вкупни приходи		**6.285.291.000**
и тоа:		
-изворни и други приходи	1.240.650.000	
-трансферни приходи	5.044.641.000	
II. Вкупни расходи		**6.285.291.000**
и тоа		
-утврдени намени	6.285.291.000	

Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени се утврдуваат во Билансот на приходите и трошоците на Буџетот на Заводот за вработување на Република Македонија за 2003 година, и тоа:

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И ТРОШОЦИ

ОПИС	2001	Буџет 2002	Буџет 2003
ПРИХОДИ	**4.820.868.067**	**5.929.901.000**	**6.285.291.000**
71 ДАНОЧНИ ПРИХОДИ	**1.135.261.914**	**1.150.000.000**	**1.230.000.000**
712 Придонеси од плати за социјални фондови	**1.135.261.414**	**1.150.000.000**	**1.230.000.000**
712311 Придонес за вработување од плати на работниците од правни лица	1.065.650.221	1.032.125.000	1.067.000.000
712315 Придонес за вработување од плати на работници вработени кај лица кои вршат самостојна дејност, односно кај физички лица	8.472.707	22.195.000	22.000.000
712316 Придонес за вработување што го уплатуваат работниците на привремена работа во странство	624.467	1.000.000	1.000.000
712317 Придонес за вработување за изминати години	60.514.019	94.680.000	140.000.000
716 Други даноци	**500**	**0**	**0**
716119 Други даноци	500	0	0
72 НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ	**13.093.035**	**12.000.000**	**10.650.000**
721 Претприемачки приход и приход од имот	**242.881**	**2.964.000**	**1.750.000**
721311 Камати од депозити во комерцијални банки	242.881	2.964.000	1.750.000
723 Административни такси и надоместоци	**3.469.026**	**3.936.000**	**4.600.000**
723713 Издавање на рекреативни објекти	82.969	21.600	100.000
723911 Закупнина од објекти	3.386.057	3.914.400	4.500.000
725 Други неданочни приходи	**9.381.128**	**5.100.000**	**4.300.000**
725918 Приходи по основа на отпис на обврски	583.821	0	0
725922 Приходи од осигурување на имот	300.658	300.000	300.000
725939 Други неданочни приходи	8.496.649	4.800.000	4.000.000
74 ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ	**3.672.513.118**	**4.767.901.000**	**5.044.641.000**
741 Трансфери од други нивоа на власт	**3.672.513.118**	**4.767.901.000**	**5.044.641.000**
741112 Трансфери од Буџетот на РМ	3.672.513.118	4.767.901.000	5.044.641.000
РАСХОДИ	**4.325.352.954**	**5.929.901.000**	**6.285.291.000**
I. ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ	**4.322.767.952**	**5.900.389.104**	**6.279.226.000**
40 ПЛАТИ,НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ	**125.198.114**	**154.900.000**	**156.800.000**
401 Нето основни плати и наемнини	80.642.632	101.300.000	101.400.000
402 Придонеси од плати и персонален данок	44.555.482	53.600.000	55.400.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**67.128.050**	**51.288.104**	**61.585.000**
420 Патни и дневни расходи	1.485.760	2.050.000	1.650.000

421 Комунални услуги	4.644.317	8.200.000	8.900.000
422 Затоплување	3.491.961	3.700.000	3.660.000
423 Комуникација и транспорт	10.144.673	12.833.536	20.910.000
424 Материјали	8.018.324	9.150.000	8.845.000
425 Тековно одржување	2.603.726	2.700.000	3.020.000
426 Договорни услуги	13.092.363	10.154.568	12.100.000
427 Други оперативни расходи	23.646.929	2.500.000	2.500.000
44 ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ И СУБВЕНЦИИ	**4.130.441.788**	**5.694.201.000**	**6.060.841.000**
443 Трансфери до домаќинства и физички лица	4.130.441.788	5.694.201.000	6.060.841.000
II. КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ	**2.585.002**	**29.511.896**	**6.065.000**
46 КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА	**2.585.002**	**29.511.896**	**6.065.000**
463 Купување на мебел и канцелариска опрема	2.186.851	8.011.896	4.465.000
464 Купување на моторни возила	0	6.500.000	0
467 Изградба,реновирање и унапредување	0	8.000.000	0
468 Основно и специјално одржување	398.151	7.000.000	1.600.000

Член 3

Расходите по основни намени во Билансот на приходите и трошоците на Буџетот на Заводот за вработување на Република Македонија се распоредени по поблиски намени на ниво на потставка во посебниот дел:

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ	4.325.352.954	5.929.901.000	6.285.291.000
ОПИС	**2001**	**Буџет 2002**	**Буџет 2003**
40 ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ	**125.198.114**	**154.900.000**	**156.800.000**
401 НЕТО ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАЕМНИНИ	**80.642.632**	**101.300.000**	**101.400.000**
4011 НЕТО ОСНОВНИ ПЛАТИ	**61.029.095**	**76.400.000**	**75.600.000**
401112 Основни плати - работници	61.029.095	76.400.000	75.600.000
4012 НАДОМЕСТОЦИ	**19.613.537**	**24.900.000**	**25.800.000**
401216 Надомест за превоз до и од работното место	3.032.018	5.000.000	5.100.000
401217 Надомест за храна	13.488.219	16.700.000	17.000.000
401218 Надомест за годишен одмор	3.093.300	3.200.000	0
401225 Други надоместоци	0	0	3.700.000
402 ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК	**44.555.482**	**53.600.000**	**55.400.000**
4021 Придонеси за ПИО	**20.691.648**	**27.200.000**	**27.500.000**
402111 Основни придонеси за ПИО	20.691.648	27.200.000	27.500.000
4022 Придонеси за Фондот за здравство	**11.450.701**	**12.340.000**	**12.640.000**
402211 Основни придонеси за здравство	10.876.970	11.700.000	12.000.000
402212 Основен придонес за професионално заболување	573.731	640.000	640.000
4023 Придонеси за Заводот за вработување	**1.894.304**	**2.000.000**	**2.000.000**
402311 Основни придонеси за вработување	1.894.304	2.000.000	2.000.000
4024 Придонес за водоснабдување	**229.492**	**260.000**	**260.000**
402411 Основен придонес за водоснабдување	229.492	260.000	260.000
4025 Персонален данок од плата	**10.289.337**	**11.800.000**	**13.000.000**
402511 Персонален данок од плата	10.289.337	11.800.000	13.000.000
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**67.128.050**	**51.288.104**	**61.585.000**
420 Патни и дневни расходи	**1.485.760**	**2.050.000**	**1.650.000**
4201 Службени патувања во земјата и странство	**1.485.760**	**2.050.000**	**1.650.000**
420111 Патување во земјата - хранарина (дневница)	802.274	1.000.000	1.000.000
420112 Патување во земјата - патни расходи	50.462	150.000	150.000
420113 Патување во земјата - сместување	119.302	250.000	100.000
420121 Патување во странство - хранарина (дневница)	164.070	150.000	150.000
420122 Патување во странство - патни расходи	243.602	300.000	200.000
420123 Патување во странство - сместување	106.050	200.000	50.000
421 Комунални услуги	**4.644.317**	**8.200.000**	**8.900.000**
4211 Основни комуналии	**4.644.317**	**8.200.000**	**8.900.000**
421111 Електрична енергија	2.819.832	6.350.000	7.000.000
421112 Водовод и канализација	937.597	700.000	1.000.000
421113 Ѓубретарина	544.378	700.000	700.000
421114 Градска рента	125.358	150.000	100.000
421115 Други комунални такси и услуги	217.153	300.000	100.000
422 Затоплување	**3.491.961**	**3.700.000**	**3.660.000**
4221 Затоплување	**3.491.961**	**3.700.000**	**3.660.000**
422111 Централно греење	963.385	1.620.000	1.600.000
422112 Дрва	157.839	200.000	200.000
422114 Течни горива	2.335.082	1.800.000	1.800.000

ОПИС	2001	Буџет 2002	Буџет 2003
422115 Друго	35.655	80.000	60.000
423 Комуникација и транспорт	**10.144.673**	**12.833.536**	**20.910.000**
4231 Комуникација	**7.841.266**	**10.583.536**	**18.600.000**
423111 Пошта	3.489.901	5.000.000	5.000.000
423112 Телефон и телефакс	4.351.366	5.583.536	13.600.000
4232 Транспорт	**2.303.407**	**2.250.000**	**2.310.000**
423211 Горива и масла	1.615.645	1.500.000	1.500.000
423212 Гуми	33.641	100.000	60.000
423213 Резервни делови	352.959	300.000	200.000
423214 Регистрација на моторни возила	263.310	300.000	500.000
423217 Други расходи за транспорт	37.852	50.000	50.000
424 Материјали	**8.018.324**	**9.150.000**	**8.845.000**
4241 Административни материјали	**6.116.960**	**7.750.000**	**7.660.000**
424111 Канцелариски материјали	4.483.391	6.000.000	6.000.000
424112 Списанија, весници и други изданија	892.345	1.200.000	1.200.000
424113 Ленти, касети и друго за АОП	350.101	300.000	350.000
424114 Други административни материјали	0	250.000	110.000
424115 Копирање, печатење и издавање	391.124	0	0
4242 Униформи, работни облеки, обувки и постелнина	**63.254**	**100.000**	**35.000**
424212 Работна облека	63.254	50.000	25.000
424213 Обувки	0	50.000	10.000
4247 Други материјали	**1.838.110**	**1.300.000**	**1.150.000**
424711 Средства за одржување на хигиената	520.372	400.000	450.000
424712 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	562.037	400.000	200.000
424713 Други материјали	755.702	500.000	500.000
425 Тековно одржување	**2.603.726**	**2.700.000**	**3.020.000**
4251 Поправка и одржување на возила	**286.510**	**300.000**	**300.000**
425111 Поправка и сервисирање на леки коли	286.510	300.000	300.000
4252 Услуги за одржување на објекти	**2.317.216**	**2.400.000**	**2.720.000**
425215 Сервисирање на опрема	507.644	700.000	600.000
425216 Одржување на градежни објекти	1.175.058	1.000.000	1.400.000
425217 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	0	0	20.000
425218 Други услуги за одржување	634.515	700.000	500.000
425219 Одржување на софтверска и хардверска опрема	0	0	200.000
426 Договорни услуги	**13.092.363**	**10.154.568**	**12.100.000**
4262 Закупнини	**992.484**	**910.838**	**1.650.000**
426211 Канцелариски простор	992.484	365.223	300.000
426216 Друга опрема	0	545.615	1.350.000
4265 Образовни услуги	**162.100**	**400.000**	**300.000**
426511 Семинари и конференции	162.100	400.000	300.000
4266 Финансиски услуги и осигурување	**7.799.383**	**6.600.000**	**7.700.000**
426611 Провизија за платен промет	6.234.853	5.000.000	5.000.000
426614 Осигурување на недвижности и права	1.564.530	1.400.000	2.000.000
426615 Осигурување на моторни возила	0	200.000	700.000
4267 Стручни услуги	**4.098.269**	**2.193.730**	**2.400.000**
426718 Други договорни услуги	1.669.800	0	0
426716 Други стручни услуги	2.428.469	2.193.730	2.400.000
4268 Членарини	**40.127**	**50.000**	**50.000**
426811 Членарини во меѓународни организации	40.127	50.000	50.000
427 Други оперативни расходи	**23.646.929**	**2.500.000**	**2.500.000**
4271 Други оперативни расходи	**23.646.929**	**2.500.000**	**2.500.000**
427117 Репрезентација	1.216.424	1.000.000	1.000.000
427119 Пренесени обврски од претходни години	476.203	0	0
427122 Други оперативни расходи	21.954.302	1.500.000	1.500.000
44 ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ И СУБВЕНЦИИ	**4.130.441.788**	**5.694.201.000**	**6.060.841.000**
443 Трансфери до домаќинства и физички лица	**4.130.441.788**	**5.694.201.000**	**6.060.841.000**
4433 Исплати од Заводот за вработување	**4.130.169.572**	**5.693.901.000**	**6.060.741.000**
443311 Надомест за невработените	1.315.702.054	1.695.957.000	1.689.000.000
443312 Надомест по основа на структурни реформи	68.071.766	345.729.000	525.620.000
443313 Надомест по основа на Законот за 25-те загубари	212.585.488	219.450.000	203.000.000
443314 Надомест по основа на реформа на јавната администрација	15.534.053	10.320.000	1.888.000
443315 Надомест за преквалификација	98.529.163	41.000.000	50.000.000
443316 Придонес за ПИО за невработените	863.345.988	1.100.238.000	1.130.000.000
443317 Надомест за вработување на хендикепирани лица	12.788.600	172.500.000	184.500.000
443318 Други исплати од Заводот за вработување	0	0	0

	ОПИС	2001	Буџет 2002	Буџет 2003
443319	Придонес за ПИО по основа на структурни реформи	40.748.952	219.447.000	340.290.000
443320	Придонес за ПИО по основа на Законот за 25-те загубари	126.022.492	122.400.000	116.000.000
443321	Придонес за ПИО по основа на реформа на јавната администрација	7.646.493	7.337.000	1.304.000
443322	Придонес за здравство за невработените	1.321.883.912	1.668.818.000	1.690.000.000
443323	Придонес за здравство по основа на структурни реформи	9.273.297	53.545.000	92.757.000
443324	Придонес за здравство по основа на Законот за 25-те загубари	36.173.969	35.601.000	36.000.000
443325	Придонес за здравство по основа на реформа на јавната администрација	1.863.348	1.559.000	382.000
4437	**Други трансфери**	**272.216**	**300.000**	**100.000**
443717	Други неспоменати трансфери	60.000	0	0
443720	Надомест за испратнини при редовно пензионирање	212.216	300.000	100.000
46	**КУПУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА**	**2.585.002**	**29.511.896**	**6.065.000**
463	**Купување на мебел и канцелариска опрема**	**2.186.851**	**8.011.896**	**4.465.000**
4631	**Купување на мебел**	**2.186.851**	**2.000.000**	**1.000.000**
463111	Купување на канцелариски мебел	2.186.851	2.000.000	1.000.000
4632	**Купување на опрема**	**0**	**6.011.896**	**3.465.000**
463211	Купување на канцелариска опрема	0	1.000.000	500.000
463212	Купување на информатичка опрема	0	5.011.896	2.965.000
464	**Купување на моторни возила**	**0**	**6.500.000**	**0**
4641	**Купување на моторни возила**	**0**	**6.500.000**	**0**
464112	Купување на автомобили	0	6.500.000	0
467	**Изградба, реновирање и унапредување**	**0**	**8.000.000**	**0**
4671	**Изградба на објекти**	**0**	**8.000.000**	**0**
467112	Изградба на деловни објекти	0	8.000.000	0
468	**Основно и специјално одржување**	**398.151**	**7.000.000**	**1.600.000**
4681	**Реконструкција и реновирање**	**398.151**	**7.000.000**	**1.600.000**
468111	Реконструкција на градежни објекти	398.151	7.000.000	1.600.000

Член 4

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Буџетот на Заводот за вработување на Република Македонија за 2003 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2003 година.

568.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

Се прогласува Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 март 2003 година.

Бр. 07-1367/1
25 март 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Борис Трајковски, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски,** с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2003 година (во натамошниот текст: Буџет) се извршува според одредбите на овој закон.

Член 2

Буџетот се состои од: Централен буџет - финансиран со изворни приходи утврдени во буџетот; Буџет на корисници - финансиран од буџетски приходи кои ги наплатуваат корисниците; Буџет од самофинансирачки активности - финансиран од приходи остварени од дополнителни активности на буџетските корисници; Буџет од донации - финансиран од приходи остварени од донации и Буџет од кредити - финансиран од приходи по основа на кредити.

Член 3

Техниката на наплатата на приходите, плаќањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите се врши во согласност со актите пропишани од министерот за финансии.

Член 4

Корисниците и единките корисници на средства од Буџетот од областа на законодавната, извршната и судската власт (во натамошниот текст: корисници на Буџетот), се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои не можат да се преземат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНИОТ БУЏЕТ

Член 6

Корисниците на средствата од Централниот буџет можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот до Министерството за финансии достават годишен финансиски план по месеци за користење на средствата по програми и ставки.

Корисниците на средства од Буџетот кои имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од пет дена, да достават извод од годишниот финансиски план по програми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот од став 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по месеци, програми и ставки, кој имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план го доставува до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог на месечен план кој го достават до Министерството за финансии - Сектор трезор најдоцна пет дена пред почетокот на месецот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Корисниците на средства од Буџет кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Министерството за финансии - Сектор трезор да достават и збирен предлог на месечен план за своите единки корисници.

Член 7

Прераспределбата на средства меѓу буџетските корисници се врши со изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија.

Во рамки на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник на ниво на ставки и програми, прераспределба корисникот може да врши меѓу расходните ставки и програми, по претходно донесена одлука на Владата на Република Македонија и позитивно мислење на Министерството за финансии.

Буџетскиот корисник прераспределбата, односно користењето на средствата во рамки на својот раздел, програма и ставка го врши по потставки согласно со Правилникот за класификација на расходи, без претходна согласност од Министерството за финансии.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот можат да му бидат прераспределени меѓу расходните ставки, со исклучок на следниве расходни ставки, и тоа: од другите расходи во платите, од трансферните и капиталните расходи и капиталните трансфери во другите расходи.

Член 8

Средствата утврдени во Раздел 090.02 потставка 428111 - Постојана резерва со Одлука на Владата на Република Македонија можат да се користат за учество во финансирањето на мерките за сузбивање на епидемии, заразни болести и елементарни непогоди.

Член 9

Средствата утврдени во раздел 090.02 потставка 428112 - Тековни резерви се користат за потребите за кои не се планирани средства, односно не се планирани средства во доволен износ во Буџетот.

За користење на средствата од став 1 на овој член, на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија.

По исклучок од став 2 на овој член за користењето на средствата од став 1 одлучува министерот за финансии, но најмногу до износ од 150.000 денари.

Член 10

Исплатата на плати на сите буџетски корисници и единки корисници ќе биде контролирана од Секторот за буџети и фондови при Министерството за финансии заради што корисниците и единките корисници на средства од Буџетот се должни два дена пред исплатата на плати до овој сектор да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати и образец Ф-1 за

бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата и други податоци во пишана и електронска верзија (на ЦД, дискета, е-меил и друго) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Член 11

На раководните работници и раководните државни службеници именувани од Владата на Република Македонија кај буџетските корисници, од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 40% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеца.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од став 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

Член 12

На лицата на кои им следува право на користење на службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Македонија со одлука ќе ја определи висината на надоместок за закупнина на стан.

Доколку се користи надоместок за закупнина на стан или службен стан не се исплаќа надоместок за трошоци за одвоен живот.

Член 13

Одредбите од членовите 11 и 12 на овој закон се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија на кои им следуваат овие права согласно со закон.

Член 14

Надоместокот за превоз до и од работното место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место, но не повеќе од 900 денари месечно, кој надоместок се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот до Министерството за финансии - Сектор за буџети и фондови.

На вработените на кои во извршувањето на работите од нивното работно место им е неопходно користење на превоз, им припаѓа надоместок во висина на стварните трошоци.

Во случаите каде што не постои јавен превоз, односно доколку налага потребата на службата на вработените им следува надоместок во висина на стварните трошоци за превоз.

На раководните работници и раководните државни службеници именувани од Владата на Република Македонија кај буџетските корисници, кои живеат во една, а работат во друга општина, доколку не остваруваат право на надоместок на трошоци за одвоен живот, им следува надоместок за превоз во висина на стварните трошоци за превоз за најевтиното превозно средство од јавниот сообраќај кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

Член 15

Надоместокот за исхрана во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.300 денари месечно, кој надоместок се исплатува по претходно доставени списоци од корисниците и единките корисници на средства од Буџетот до Министерството за финансии - Сектор за буџети и фондови.

Член 16

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоци за ноќевање изнесува 800 денари.

Член 17

Надоместокот за селидбени трошоци се исплатува во висина на стварните трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот за селидбени трошоци не следува доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.

Член 18

Во случај на боледување подолго од шест месеца и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 19

Во случај на смрт на работникот на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последно исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари.

Во случај на смрт на член на потесното семејство на работникот (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) на работникот, ако живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина на една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари.

Член 20

Буџетските корисници кои се финансираат исклучиво од самофинансирачки активности правата стекнати по основа на членовите 14 и 15 од овој закон се исплаќаат од приходите остварени од самофинансирачки активности.

Член 21

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа по која било друга основа, надоместокот за храна и превоз не му се исплатува.

Член 22

Корисниците кои во својот состав имаат единки корисници се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници.

Член 23

Корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија и на буџетите на: Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта, Фондот за водите, Фондот за животна средина, Заводот за вработување на Република Македонија и Фондот за земјоделство, како и јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат упразнети работни места, само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетите, односно финансиските планови за тековната фискална година.

За обезбедените средства во случаите од став 1 на овој член Министерството за финансии писмено ги известува корисниците и единките корисници на буџетите и јавните претпријатија на нивно барање.

Член 24

Средствата од Раздел 040.02 потставка 463111 - Купување на канцелариски мебел, се користат врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија на предлог на комисијата што ја формира Владата, по претходно доставени барања од министерствата и утврдени приоритети.

Член 25

Администрирањето и исплатата на средствата утврдени во Раздел 090.02 ќе го врши Министерството за финансии.

Член 26

Средствата утврдени во Раздел 090.02 потставка 443818 -Поттикнување на нови вработувања, ќе се користат врз основа на Програмата за поттикнување на нови вработувања донесена од Владата на Република Македонија.

Член 27

Администрирањето и исплатата на средствата утврдени во Раздел 090.02 потставка 463212 -Купување на информатичка опрема , ќе го врши Министерството за финансии за унапредување на софтверскиот систем за управување со јавните финансии.

Член 28

Средствата утврдени во Раздел 090.02 потставка 442111-Трансфери до хуманитарни организации, ќе се користат врз основа на одлука на Владата, донесена на предлог од Министерството за финансии, по претходно добиени барања и програми за намената на средствата.

Член 29

Средствата утврдени во Раздел 090.02 потставка 442113 - Трансфери до здруженија на граѓани, ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Македонија, на предлог на комисија што ја формира Владата по претходно распишан оглас и доставени барања со програми за намената на бараните средства .

Член 30

Средствата во Раздел 090.02 - Министерство за финансии- функции на државата, во Програма 12 , потставка 443421, во износ од 100.327.706 денари се наменети за намирување на заостанатите обврски од претходни години за превоз на раселени лица.

Член 31

Средствата во Раздел 090.02 - Министерство за финансии- функции на државата, во програма 12 , потставки 451114 и 491112 наменети за отплата на камата и главнина по кредит на Фондот за земјоделство, Министерството за финансии директно ќе ги исплатува на кредиторите.

Член 32

Средствата утврдени во Раздел 090.02 за отплата на главнина и камата по основа на странски и домашен долг, ќе се извршуваат согласно со одредбите во склучените договори, без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 33

Средствата утврдени во Раздел 090.02 потставка 471113 - Трансфери до Фондот за патишта, се извршуваат согласно со претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија.

Член 34

Ненамирените обврски на корисниците на заеми од меѓународни и домашни финансиски институции по кои гарант е Република Македонија, ќе се исплатуваат од Раздел 090.02 потставка 481313- Наплатени гаранции, согласно со роковите за пристигнатост без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 35

Средствата утврдени во Раздел 090.02 - Министерство за финансии- функции на државата; програма 13 - Телеком инвестициони проекти; поткатегории 46 и 47, а се дел од средствата од приватизација на "Телеком", во текот на годината ќе ги исплатува Министерството за финансии директно на изведувачите на работите, по претходно подготвени проекти и програми, спроведена постапка според Законот за јавни набавки од страна на ресорните министерства и доставена комплетна финансиска документација, при што целокупната одговорност за спроведување на постапката согласно со Законот за јавни набавки ја преземаат министерствата, односно соодветните органи.

Член 36

Средствата утврдени во Раздел 130.01 потставка 472112 - Трансфери до ЕЛС за водоснабдување, се користат според Одлука на Владата, на предлог на Министерството за транспорт и врски, по претходно распишан оглас и доставени барања.

Член 37

Средствата утврдени во Раздел 090.02 потставка 443722 - Трансфери до Фондот за земјоделство, се извршуваат согласно со претходно донесената Програма од Владата на Република Македонија, а месечната уплата во корист на Фондот за земјоделство се врши согласно со динамиката на наплата на приходите.

Член 38

Средствата за исплата на детски додаток утврдени во Раздел 150.10 потставка 443411 - Детски додаток, ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Средствата за заштита на социјално загрозеното население утврдени во Раздел 150.20 потставка 443414 - Плаќања за социјално загрозени семејства ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија и оформена документација од страна на центрите за социјална работа.

Средствата за надоместок на невработените поради структурни промени, потставка 441211 ќе се користат преку Заводот за вработување на Република Македонија.

Член 39

Средствата за извршување на обврските на Република Македонија по основа на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон, во Раздел 150.20 потставка 441411, се исплатуваат на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија врз основа на претходна пресметка што ја доставува Фондот до Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика.

Член 40

Средствата во Раздел 160.01, Програма 15-ученички стандард и Програмата 16-студентски стандард, ставка 441-Трансфери до други нивоа на власт и ставката 443-Трансфери до домаќинства и физички лица, се користат по претходно донесена Програма за развој на ученичкиот и студентскиот стандард од Владата на Република Македонија.

Средствата во Раздел 160.01, Програма 17-наука, ставка 442-Трансфери до непрофитни организации и ставка 443- трансфери до домаќинства и физички лица, се користат по претходно донесена Програма за научно истражувачката дејност од Владата на Република Македонија.

Член 41

Средствата во Раздел 161.01 Програма 12 - Спорт, ставките 427 и 442 и Програмата 13 - Млади, ставка 442 се користат по претходно донесена Програма за развој на спортот од Владата на Република Македонија.

Член 42

Средствата во Раздел 180.10 за сите одделни програми на ставката 443 се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија.

Член 43

Средствата предвидени во Раздел 190.01 - Министерство за здравство, ставка 441- Трансфери до други нивоа на власт, се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за здравство.

Член 44

Средствата во Раздел 192.01 - Агенција за иселеништво потставка 443611 - Издавачка дејност , ќе се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија.

Член 45

Средствата во Раздел 193.01 потставка 443814 -Трансфери до јавни гласила на локално ниво и потставка 443813 - Издавачите на весници и списанија, се користат врз основа на Одлука на Владата, на предлог на Агенцијата за информации, по објавен оглас врз претходно утврдени критериуми.

Член 46

Средствата во Раздел 260.01-Македонска академија на науките и уметностите, потставката 443714 - Трансфери до научно-истражувачките институции, се користат по претходно донесена Програма од Владата на Република Македонија, на предлог на Македонската академија на науките и уметностите.

Член 47

Средствата за плаќање на акцизи и данок за додадена вредност за прометот на добра и услуги во земјата, финансирани со парични средства на странски донатори за реализација на проекти врз основа на договори меѓу Владата на Република Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на даноци, ќе се обезбедуваат од Буџетот од раздел 090.02 Програма 12 потставка 467122.

Поблиски прописи за начинот на спроведување на одредбите од став 1 на овој член донесува министерот за финансии.

Член 48

Кога приходите што со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа, како и другите приходи што му припаѓаат на Буџетот, се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а ако такви приходи нема, на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на средства од став 1 на овој член се врши на начин детално пропишан од министерот за финансии.

Член 49

Привремено слободните средства на Буџетот можат краткорочно да се пласираат во деловните банки.

Условите и начинот под кои ќе се пласираат средствата од став 1 на овој член се регулираат со договор меѓу министерот за финансии и деловните банки.

3.ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ ФИНАНСИРАНИ ОД БУЏЕТСКИ ПРИХОДИ НАПЛАТЕНИ ОД ОРГАНИ, ПРИХОДИТЕ НАПЛАТЕНИ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ И ПРИХОДИТЕ ОД ДОНАЦИИ И КРЕДИТИ

Член 50

Приходите што ги остваруваат корисниците и единките корисници на средства од Буџетот се уплатуваат на трезорската сметка и се евидентираат на посебните сметки во Главната книга на Трезорот и тоа:

- приходите наплатени од органи се евидентираат на сметката 631;
- приходите наплатени од дополнителни активности на буџетските корисници се евидентираат на сметката за самофинансирачки активности 787;
- високообразовните институции приходите од самофинансирачките активности ги евидентираат на сметка 788;
- приходите од донации се евидентираат на сметка 785 и
- приходите од кредити се евидентираат на сметка 786.

Член 51

Приходите од член 50 на овој закон можат да се користат за намените и во висина на износите утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по месеци, програми и ставки и истиот потребно е да се достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Корисниците на средствата од Буџетот кои имаат единки корисници должни се до секоја единка корисник, во рокот од став 1 на овој член, да достават извод од годишниот финансиски план по програми и ставки во кои се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот од став 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по месеци, програми и ставки кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство и Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници изготвуваат предлог на месечен план кој го доставуваат до Министерството за финансии - Сектор трезор најдоцна пет дена пред почетокот на месецот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Корисниците на средства од Буџетот кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Министерството за финансии - Сектор трезор да достават и збирен предлог на месечен план за своите единки корисници.

Член 52

Доколку корисниците на Буџетот, кои во својот состав немаат единки корисници, во текот на годината ќе остварат поголеми износи на приходите од член 50, алинеи 1 и 2, од планираните, истите ќе можат да ги користат по претходно одобрување од Собранието на Република Македонија, а приходите од алинеите 4 и 5 по претходно одобрување од Министерството за финансии.

Доколку корисниците на Буџетот, кои во својот состав имаат единки корисници, во текот на годината остварат поголеми износи на приходите од член 50, истите ќе можат да ги користат по претходно одобрување од Министерството за финансии.

Доколку во текот на годината, приходите од член 50 на овој закон не се остваруваат според планираната динамика, Министерството за финансии може да изврши намалување на планираните расходи.

Прераспределбата на утврдените средства меѓу расходните ставки и програми во рамките на еден корисник, се врши со претходна согласност на Министерството за финансии.

Буџетскиот корисник прераспределбата, односно користењето на средствата во рамките на својот раздел, програма и ставка го врши по потставки согласно со Правилникот за класификација на расходи, без претходна согласност од Министерството за финансии.

Прераспределбата на утврдените средства меѓу корисници се врши со претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Член 53

Буџетските средства во Раздел 090.04 ставка 469 Купување на стоковни резерви, како и средствата остварени од приходи од дополнителни активности на Бирото за стоковни резерви , донации и кредити се користат согласно со Програмата за формирање на стоковните резерви за 2003 година, донесена од Владата на Република Македонија.

Неискористените приходи од дополнителни активности на Бирото за стоковни резерви, согласно со Програмата за формирање на стоковните резерви за 2003 година се приход на Буџетот.

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 54

Буџетот на Република Македонија за 2003 година ќе се извршува од 1 јануари до 31 декември 2003 година.

Член 55

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2003 година.

LIGJI PËR ZBATIMIN E BUXHETIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË PËR VITIN 2003

1. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1

Buxheti i Republikës së Maqedonisë për vitin 2003 (në tekstin e mëtutjeshëm: "Buxheti") kryhet sipas dispozitave të këtij ligji.

Neni 2

Buxheti përbëhet prej: Buxhetit qendrorë – i finansuar me të ardhura burimore të caktuara në buxhet; Buxhet të shfrytëzuesve – i finansuar prej të ardhurave buxhetare të cilat i paguajnë shfrytëzuesit; Buxheti prej aktiviteteve vet finansuese – i finansuar prej të ardhurave të realizuara nga aktivitetet plotësuese të shfrytëzuesve të buxhetit; Buxheti prej donacioneve – i finansuar nga të ardhurat e realizuara prej donacioneve, dhe Buxheti prej kredive – i finansuar prej të ardhurave në bazë të kredive.

Neni 3

Teknika e pagesës së të ardhurave, pagesa e shpenzimeve dhe udhëheqja me likuiditetin dhe borxhet bëhet në pajtim me aktet e përcaktuara prej Ministrit për Financa.

Neni 4

Shfrytëzuesit dhe individët shfrytëzues të mjeteve të Buxhetit nga sfera e pushtetit ligjvënës, ekzekutiv dhe gjyqësor (në tekstin e mëtutjeshëm: "shfrytëzues të Buxhetit"), janë të obliguar mjetet e caktuara të Buxhetit t'i shfrytëzojnë me destinim, në mënyrë racionale dhe ekonomike.

Neni 5

Shpenzimet e caktuara me Buxhetin janë shuma maksimale për të cilat nuk mund të merren obligime.

Që të ndërrmeren obligime të reja duhet të propozohet burim i ri i mjeteve apo të zvogëlohen shpenzimet e tjera në shumë të përpjestueshme.

2. ZBATIMI I BUXHETIT QENDROR

Neni 6

Shfrytëzuesit e mjeteve nga Buxheti qendror mund t'i shfrytëzojnë mjetet vetëm nëse në afat prej 25 ditësh prej ditës së miratimit të Buxhetit deri te Ministria e Financave dorëzojnë plan vjetor finansiar në muaj për shfrytëzimin e mjeteve sipas programeve dhe shkallëve.

Shfrytëzuesit e mjeteve të Buxhetit, të cilët kanë individë shfrytëzues janë të obliguar deri te secili individ shfrytëzues në afat prej 5 ditësh të dorëzojnë certifikatë nga plani vjetor finansiar në programe dhe shkallë, në të cilin janë të përfshira mjetet e dedikuara për shfrytëzuesit e veçantë individual.

Në bazë të certifikatit prej paragrafit 2 të këtij neni, shfrytëzuesit individual përgatisin plan të vetin finansiar për çdo muaj, programe dhe shkallë,për të cilin janë të obliguar t'ia dorëzojnë Ministrisë kompetente, ndërsa Ministria kompetente planin e konsoliduar finansiar e dorëzon në Ministrinë e Financave në afat prej 25 ditëve nga dita e miratimit të Buxhetit.

Në bazë të planit vjetor finansiar, gjatë vitit, shfrytëzuesit e buxhetit përgatisin propozim për plan mujor, të cilin e dorëzojnë në Ministrinë e Financave – sektori i kasafortës më së voni pesë ditë para fillimit të muajit të cilit i përket plani, për aprovimin e tij.

Shfrytëzuesit e mjeteve të Buxhetit të cilët në përbërjen e tyre kanë shfrytëzues individual janë të obliguar deri te Ministria e Financave – sektori i kasafortës, të dorëzojnë edhe propozime përmbledhëse si dhe plan mujor për shfrytëzuesit e tyre individual.

Neni 7

Rindarja e mjeteve mes shfytëzuesve buxhetar kryhet me këmbimin dhe plotësimin e buxhetit të Republikës së Maqedonisë.

Në bazë të shpenzimeve të vërtetuara në buxhetin e shfrytëzuesit buxhetar në nivel të paragrafeve dhe programeve, rindarjen shfrytëzuesi mund të kryejë mes shpenzimeve të paragrafeve dhe programeve, me vendim të sjellur të mëparshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe mendim pozitiv të Ministrisë së Financave.

Shfrytëzuesi buxhetar rindarjen apo shfrytëzimin e mjeteve në bazë të ndarjes, programin dhe paragrafin e kryen me nën paragrafe në pajtim me rregulloren për klasifikimin e shpenzimeve, pa pajtueshmëri të mëparshme nga Ministria e Finacave.

Shumat e vërtetuara në buxhet të shfrytëzuesit mund t'i rindahen mes shkallës së shpenzimeve, me përjashtim të këtyre shkallëve të shpenzimeve: nga shpenzimet e tjera për rroga, nga shpenzimet shpërngulëse dhe kapitale si dhe shpërnguljet kapitale në shpenzime të tjera.

Neni 8

Mjetet e vërtetuara në Ndarjen 090.02 nënparagrafi 428111- Rezervë e përhershme me vendim të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë mund të shfrytëzohen për pjesëmarrje në finansimet e masave për shkatërimin e epidemive, sëmundjeve ngjitëse dhe dhe papërshtatshëmrive elementare.

Neni 9

Mjejet e vërtetuara në Ndarjen 090.02 nënparagrafi 428112 – Rezervat rrjedhëse shfrytëzohen për nevojat që planifikohen mjetet, ose nuk planifikohen mjete me shumë të mjaftueshme të buxhetit .

Për shfrytëzimin e mjeteve të paragrafit 1 të këij neni, në propozim të Ministrit të Financave vendos Qeveria e Republikës së Maqedonisë.

Me përjashtim të paragrafit 2 të këtij neni për shfrytëzimin e mjeteve të paragrafit 1 vendos ministri për financa, por më së shumti deri në shumën 150.000 denarë.

Neni 10

Pagesa rogave për të gjithë shfrytëzuesit buxhetarë do të kontrollohet nga Sektori për buxhet dhe fondet e Ministrisë së Financave për shkak se shfrytëzuesit individual të mjeteve të buxhetit janë të obliguar që dy ditë para pagesës së rogës të dërgojnë kërkesë në këtë sektor për miratimin e mjeteve për roga, dhe gjithashtu do të duhet t'i bashkangjesë formularët PDD-MP DHE MP-1, kopje nga rekapitulimi për llogaritjen e neto dhe bruto rogave, dhe formularë F1 për numrin e të punësuarve me emër dhe mbiemër, bruto dhe neto rogat si dhe të dhëna të tjera në version të shkruar verzion elektronik (në CD, disketë, e-mail etj). për muajn përkatës që duhet të meren rogat.

Neni 11

Punëtorëve udhëheqës dhe nëpunësve udhëheqës shtetërorë të emëruar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë te shfrytëzuesit buxhetar, që nga dita e emërimit të tyre përfundimisht në ditën e shkarkimit të tyre ju takon shpërblim për harxhimet e jetesës së ndarë familjare me madhësi prej 40 % nga neto roga mujore mesatare që paguhet në Republikën e Maqedonisë në tre mujorin e mëparmë.

Kompensimi për harxhimet për jetë të ndarë nuk u takon individëve të paragrafit 1 të këtij neni, përderisa vendi i jetesës është më larg se 100 km nga vendi i punës.

Neni 12

Individëve që u takon e drjeta për shfrytëzimin e banesës zyrtare në pajtim me ligjin, nëse i njejti nuk mund tu sigurohet, kanë të drejtë për shpërblim për marrje të banesës me qira.

Nëse shfrytëzohen kompensimi për banesë me qira apo banesë zyrtare nuk bëhet pagesa për harxhimet për jetesë të ndarë.

Neni 13

Përcaktimiet e nenit 11 dhe 12 të këtij ligji zbatohen edhe për njerëzit që puunojnë në Armatën e Republikës së Maqedonisë që u përkasin këto të drejta në pajtim me ligjin.

Neni 14

Kompenzimin për mbartje deri dhe prej vendit të punës, me dhënje të deklaratës së mëparme, paguhet vetëm për të punësuarit që vendbanimi i tyre është larg mbi 2.5 km nga vendi i punës, por jo më shumë se 900 denarë në muaj, dhe ky kompensim paguhet me dorëzimin e mëparmë të listës për shfrytëzuesit e mjeteve të buxhetit deri në Ministrinë e Financave – Sektori për buxhet dhe fonde.

Për të punësuarit që i kryejnë punët në vendin e punës së tyre dhe që u nevojitet mbartje u takon kompensim me lartësi të hargjimeve për mjetet për mbartje.

Të punësuarve të cilëve në kryerjen e detyrave të vendit të punës u është e patjetërsueshme shfytëzimi i mbartjes u takon kompenzim me lartësi të shpenzimeve reale.

Në rastet kur nuk ka transport publik gjegjësisht nëse paraqitet nevoja shërbimit të të punësuarve i takon kompenzim në lartësi të shpenzimeve reale për transport.

Punëtorëve udhëheqës dhe shërbëtorëve udhëheqës shtetërorë të emëruar nga aqeveria e arepublikës së Maqedonisë tek shfrytëzuesit e buxhetit të cilët jetojnë në njërën ndërsa ndërsa punojnë në komunën tjetër, përderisa nuk realizojnë të drejtën për kompenzim të shpenzimeve për jetë të ndarë, u takon kompenzim për transport në lartësi të shpenzimeve reale për transport për mjetin transportues më të lirë të transportit publik që munëdëson arritjen dhe largimin me kohë nga puna.

Të punësuarve të cilëve në bazë të lejes zyrtare u është lejuar të shfrytëzojnë mjetet zyrtare të transportit për transport personal deri dhe prej vendit të ëpunës nuk u takon kompensim për transport.

Neni 15

Kompensimi për ushqim gjatë një muaji (nëse ushqimi nuk është i organizuar) arrin 2300 denarë në muaj dhe ky kompensim paguhet me dorëzimin e mëparmë të listës për shfrytëzuesit e mjeteve të buxhetit deri në Ministrinë e Financave – Sektori për buxhet dhe fonde.

Neni 16

Kompensimi për mëditje për udhëtim zyrtar në Republikë pa shpenzime për të fjetur arrin vlerë prej 800 denarë.

Neni 17

Kompensimi për shpenzimet e shpërnguljes paguhet me lartësi të harxhimeve për mjete për mbartje të orendive.

(2). Me përjashtim nga paragrafi 1 i këtij neni, i obliguari tatimor është i obliguar të bëj korrigjimin e fletëparaqitjes jo të saktë ose fletëparaqitjen tatimore jo të plotë në fletëparaqitjen tatimore të fundit të vitit kalendarik për të cilin ka të bëjë gabimi, nëse bëhet fjalë për më shumë ose më pakë tatim të paraqitur në periudhën e caktuar tatimore, që është më e vogël për 1% të tatimit të paraqitur, por jo më tepër se 2.000 denarë."

Neni 13

Në nenin 42 paragrafi 1 fjalët: "përllogaritës, gjegjësisht" fshihen, kurse në pikën 1 fjalët: "akontative ose viti" fshihen.

Neni 14

Në nenin 43 paragrafi 1 fjalët : "përllogaritës ose " fshihen.

Paragrafi 2 ndryshohet dhe thotë:

"(2) Tatimin e llogaritur dhe të paraqitur gjat periudhës përkatëse tatimore, i obliguari tatimor e paguan në afatet e parapara në nenin 41 paragrafi 1 dhe 3 të këtij Ligji, në cilin paraqitet fletëparaqitja tatimore."

Në paragrafin 9 fjala "përllogaritës" ndyshohet me fjalën"tatimor".

Neni 15

Në nenin 44 numri "0, 1" zëvendësohet me numrin "0, 05".

Neni 16

Në nenin 45 paragrafi 1 fjalët: "përllogaritës ose" fshihen, kurse në fjalinë e dytë fjala "përllogaritës" zëvendësohet me fjalën "tatimor".

Në paragrafin 6 numri "0, 1" zëvendësohet me numrin "0, 05".

Neni 17

Në nenin 50 fjalët: "Ligji për tatimin personal në të hyra""zevendësohet me fjalët: " Ligji për caktimin dhe pagesën e të hyrave publike"

Neni 18

Në nenin 51 pas paragrafit 7 shtohen dy paragrafe të reja 8 dhe 9, të cilat thonë:

"(8) Me përjashtim të afatit të përcaktuar në paragrafin 7 të këtij neni, ndërprerja e regjistrimit mund të realizohet në afat më të shkurtër se 5 vite kalendarike, por me marrje të Vendimit nga organi kompetent tatimor.

(9) Organi kompetent tatimor mund të bëj ndërprerjen e regjistrimit atëherë kur:

a) në vitin kalendarik paraprak, i obliguari tatimor paraqet fletëparaqitje tatimore pa paraqitjen e tatimit të qarkullimit të bërë dhe pa paraqitjen e tatimit paraprak për refuzim;

b) në dy vitet paraprake kalendarike i obliguari tatimor paraqet fletëparaqitje tatimore pa paraqitjen e tatimit nga qarkullimi, me përjashtim të rasteve kur në periudhat e njejta në fletëparaqitjet tatimore paraqet vetëm qarkullim të liruar nga tatimi me të drejtë për përjashtim ose tatim paraprak i cili rjedhë nga qarkullimi i begative investuese, të realizuara ndaj obliguesit tatimor, ose të importuara nga ai".

Paragrafet 8 dhe 9 bëhen paragrafe 10 dhe 11.

Neni 19

Me nenin 52 të paragrafit 2, i shtohet pargraf i ri 3, i cili thotë:

"(3) I obliguari tatimor është i obliguar që në fund të vitit kalendarik t'i vërtetojë dhe evidentojë shumat përkatëse vjetore."

Në paragrafin 3 i cili bëhet paragraf 4 fjala "përllogaritës" zëvendësohet me fjalën "tatimor".

Paragrafet 4, 5 dhe 6 bëhen paragrafe 5, 6 dhe 7.

Neni 20

Në nenin 56 paragrafi 1 ndryshohet dhe thotë:

"(1) Faturat dhe dokumentet tjera të lëshuara në pajtim me këtë Ligj, si edhe librat afariste të të obliguarve tatimor ruhen më së paku 5 vjetë pas skadimit të vitit kalendarik, me të cilin kanë të bëjnë".

Neni 21

Në nenin 58, pas paragrafit 2 shtohet paragrafi i ri 3, i cili thotë:
"(3) Ankesa nuk e shtynë zbatimin e Vendimit nga paragrafi 1 i këtij neni."
Paragrafet 3 dhe 4 bëhen paragrafe 4 dhe 5.

Neni 22

Në nenin 59, paragrafi 1 pika 1 fjalët: "prej paragrafit 1 deri 4" zëvendësohen me fjalët: "paragrafe 1, 2 dhe 3".

Neni 23

Pas nenit 60 shtohet neni i ri 60-a, i cili thotë:

"Neni 60-a

Personi përgjegjës në personin juridik dhe fizik-i obliguar tatimor, të cilët nuk do të paraqesin fletëparaqitje tatimore në afatin e caktuar ose nuk e paguajnë tatimin që e kanë borxh, për llogaritë e caktuara, me qëllim të përfitimit të pasurisë ose levërdisë, do të dënohen për vepër penale me dënim burgu prej 1 deri 5 vjet."

Neni 24

Shkalla e privilegjuar tatimore prej 5% do të zbatohet edhe në qarkullimin e parë të ndërtesave të banimit dhe banesave tjera, në ate pjesë në të cilën të njëjtat shfrytëzohen për qëllime banimi, por vetëm nëse ndërtimi i tyre ka filluar para ditës së hyrjes në fuqi të këtij Ligji dhe nëse të njëjtat do të ndërtohen deri më 31 dhjetor të vitit 2003, ndërsa do të vihen në qarkullim deri më 31 mars 2004.

Neni 25

Ky Ligj hynë në fuqi ditën e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet prej 1 prillit të vitit 2003.

571.

Врз основа на член 93, став 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/93, 48/93, 21/98, 25/99, 33/99, 81/99 и 49/00), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 март 2003 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ ОД ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ОПШТЕСТВЕН КАПИТАЛ ЗА 2003 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува користењето на средствата што ќе се остварат од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал.

II

Средствата од точка I на оваа програма во себе вклучуваат дел од остварените средства од приватизацијата на „Македонски телекомуникации", како и средства што се планира да се остварат од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал во текот на 2003 година.

III

Средствата од точка II на оваа програма ќе се користат за следниве намени:

1. Средствата од приватизацијата на „Македонски телекомуникации" во износ од 6.695.726.490 денари ќе бидат наменети за:

- развојни програми - Телеком инвестициони проекти до 1.040.000.000 денари;

- исплата на заостанати обврски по основа на усогласување на пензиите на пензионерите до 1.140.000.000 денари;
- отплата на странски долг на Република Македонија до 4.365.726.490 денари и
- исплата на заостанати обврски по основа на усогласување на пензиите на пензионираните работници од Министерството за внатрешни работи до 150.000.000 денари.

2. Средствата од приватизација на претпријатијата со општествен капитал што се планира да се остварат во текот на 2003 година ќе бидат наменети за:
- отплата на долгот по основа на обврзниците издадени согласно со Законот за начинот и постапката за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија.

IV

Средствата од точка III на оваа програма ќе се реализираат преку Буџетот на Република Македонија.

Исплатата на средствата за одделни намени од точка III ќе се врши врз основа на документација и начин утврден со прописите за овие намени.

V

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за финансии.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1369/1
25 март 2003 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

572.

Врз основа на член 8 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 20.01.2003 година, донесе

МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

1. Макроекономски амбиент и претпоставки

И покрај нормализирањето на политичко-безбедносната состојба, Република Македонија влегува во 2003 година со кревка макроекономска стабилност и тежок социјален товар. Минатогодишната стапка на раст на БДП од 0,3% ги одложи надежите за закрепнување на македонската економија за оваа година, а ескалацијата на проблемите со невработеноста, социјалната несигурност и растечката сиромаштија сериозно го загрози квалитетот на животот на граѓаните.

Покрај ова, макроекономската политика во 2003 година ќе се соочи и со неколку ограничувачки фактори на економскиот раст, од кои како позначајни се издвојуваат:
- сериозно влошената фискална позиција на среден рок како резултат на недисциплинираната буџетска потрошувачка, особено во втората половина на 2002 година и намалувањето на приходите со укинување на данокот на финансиски трансакции;
- неподготвеноста на голем дел од економските субјекти за соочување со заострената странска конкуренција, како неминовен ефект од претстојниот влез во Светската трговска организација;
- финансиската исцрпеност и меѓусебната задолженост на економските субјекти;
- незавршените структурни реформи и приватизации, а особено бројните приватизации извршени со неправилности во постапката;
- недоволно развиениот финансиски пазар и високите каматни стапки;
- рецесионите движења во светската економија, особено намалената економска активност во земјите, кои се значајни надворешно-трговски партнери на нашата земја;
- можната нестабилност од најавените воени дејствија против Ирак и евентуалниот пораст на цената на суровата нафта би можела да изврши нагорен притисок врз домашните цени во првиот квартал на годината.

Имајќи ги предвид акутните проблеми, Владата на Република Македонија во соработка со социјалните партнери и меѓународните финансиски институции, пред сé ММФ и Светската банка е решена да понуди сериозна, одговорна и кредибилна макроекономска програма, за која ќе добие поддршка со склучување на нов стенд-бај аранжман од ММФ. Покрај очекуваниот прилив на средства од донаторската конференција и директната финансиска поддршка, макроекономската програма поддржана од ММФ ќе понуди прудентни макроекономски политики и реформски дух, кој ќе мобилизира значителни износи на меѓународен приватен капитал и ќе ги охрабри инвеститорите.

Истовремено, Владата ќе ја интензивира соработката со Светската банка, во рамките на новата тригодишна Стратегија за поддршка на Република Македонија 2003-2005 година, особено на полето на забрзување на структурните реформи и реформите на јавната администрација.

Повисокото ниво во односите меѓу Република Македонија и Европската унија ќе претставува силен импулс за зајакнување на институционалниот капацитет, забрзување на реформите и постигнување одржлив економски раст. Владата започна со поефикасно координирање на активностите во министерствата и државните институции во правец на усогласување на напорите за побрза интеграција на Република Македонија во европското семејство.

Поаѓајќи од присутните проблеми, како и од оценетите можности, претпоставки и ограничувачки фактори, основните цели на макроекономската политика во 2003 година ќе бидат:
- поттикнување на вработувањето,
- намалување на сиромаштијата.

Воедно, макроекономската политика во 2003 година ќе ја зацврсти макроекономската стабилност, обезбедувајќи услови за поусогласени односи во трговскиот и платниот биланс, стабилен курс на денарот, одржливост на фискалната позиција на среден рок и ценовна стабилност. Освен тоа, ќе се преземат активности за квалитативно подобрување на реформските процеси, што ќе придонесе за заживување на економската активност.

Успехот во остварувањето на целите на макроекономската политика за 2003 година ќе зависи и од владеењето на правото, степенот на ефикасност на судскиот систем и почитувањето на сопственичките права и облигациите. Во насока на обезбедување на овие услови, Министерството за правда ќе предложи акционен план за реформи во судството.

2. Основни цели на макроекономската политика во 2003 година

2.1. Политика на вработување

Политиката на вработување, како еден од главните столбови на макроекономската политика во 2003 година, ќе биде насочена кон воспоставување на механизми за итно запирање на порастот на невработеноста и обновување на нарушените функции на пазарот на работна сила.

Основни елементи на политиката за вработување ќе бидат активните мерки за поттикнување на инвестициите и вработеноста, реформите на пазарот на работна сила и создавањето на клима на поголема флексибилност и конкурентност.

Воедно, ќе продолжат активностите за хармонизација и усогласување на работното законодавство со законодавството на ЕУ во функција на имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација на Република Македонија како услов за прием во ЕУ. Платформа за ревидирање и надградување на постојното трудово законодавство ќе претставува трипартитниот дијалог помеѓу претставниците на Синдикатот, Стопанските комори и Владата на РМ. Владата, покрај социјалниот договор склучен со ССМ, соодветен договор ќе им понуди и на работодавците, без чија активна партиципација, согласност и поддршка, нема да биде можно остварувањето на политиката на вработување, а особено потребната поголема флексибилност на пазарот на работна сила.

2.1.1. Активна политика на пазарот на работна сила

Почнувајќи од 2003 година, политиката на вработување првенствено ќе биде насочена кон водење на активна политика на пазарот на работна сила.

Во рамките на активната политика на вработување, Владата на РМ ќе донесе посебен закон за поттикнување на вработувањето, со кој работодавците ќе имаат право на ослободување од плаќање придонеси во период од 2 години за нововработените лица. Правото за ослободување од плаќање на придонеси работодавците ќе го остваруваат преку рефундирање на веќе платените придонеси. Оваа можност ќе важи за оние невработени кои ја изгубиле работата поради структурните реформи. Буџетската поддршка на мерките за поттикнување на вработувањето изнесува 700 милиони денари, односно 0,3% од оценетиот БДП.

Покрај ова, големо внимание ќе биде посветено и на следните мерки:

Во првата половина од 2003 година ќе се отпочне со операционализација на Програмата за зголемување на вработеноста и флексибилноста на пазарот на работна сила. Овој документ ќе претставува солидна основа за мобилизирање широк фронт за реализација на заложбата за намалување на невработеноста преку ефикасно приспособување на работната сила кон потребите на пазарот. Воедно, во него ќе бидат дефинирани аспектите на невработеноста, потенцијалните ресурси и стратешките приоритети, како и конкретните рокови за реализација на истите.

Намалувањето на долгорочната невработеност и ублажувањето на сиромаштијата ќе се врши и преку мерките од Стратегијата за намалување на сиромаштијата, кои во голема мера кореспондираат со зацртаните цели на политиката за вработување.

Ќе се води агресивна промоција на инвестиционите можности на Македонија преку атрактивни извозни проекти во рамки на соработката со Проектот за конкурентност на Македонија на USAID.

Паралелно, ќе се преземат и активности за подобрување на квалитетот на образованието и тренингот, преку практична обука уште во текот на школувањето со што се зголемуваат шансите на младите да најдат работа веднаш по завршување на школувањето.

Министерството за образование ќе отпочне проект за формирање на база на податоци за студенти кои се наоѓаат на завршната година на студиите која ќе содржи податоци и за нивните дополнителни вештини како на пример познавање на странски јазици, работа со компјутери и слично. Овие податоци, со претходна согласност на студентите. ќе им бидат достапни на работодавците кои се заинтересирани за вработување на млади лица или пак за нивна обука заради нивно подоцнежно работно ангажирање.

Усовршувањето, доусовршувањето и преквалификацијата спаѓаат во правата кои ги уживаат невработените лица пријавени во Заводот за вработување. Овие услуги ќе бидат во согласност со тековните пазарни услови и потреби, а во најголем дел обуката ќе се изведува во локалните центри за обука основани од страна на Министерството за образование (ваков проект е веќе отпочнат во соработка со Партнери за развој на стопанството на Македонија (ПРиЗМа). Во одредени случаи, односно со претходен договор, обуката може да ја изведува и приватна агенција или пак самиот работодавец во договор со Заводот за вработување.

Покрај тоа, политиката на вработување на краток и среден рок ќе се фокусира на зголемување на можностите за одредени категории на лица кои се во подредена состојба и не се во можност рамноправно да се натпреваруваат на пазарот на трудот (фактор на отежнато вработување), социјално изолирани лица, ранливи и социјални категории на невработени лица:

- Дипломирани млади лица со дополнителни знаења (јазици, компјутерско знаење) кои влегуваат на пазарот на работна сила како невработени лица;
- Невработени лица заради преструктуирање (технолошки вишок), пред се од фирмите големи загубари (лица со подолг работен стаж, но со недоволно стручно образование, неатрактивни занимања и застарени квалификации);
- Присилно раселени лица односно глави на домаќинства и членови на семејства на загинати, самохрани родители и инвалидизирани бранители на татковината, жртви на вооруженият конфликт;
- Сиромашни семејства со ниеден вработен член;
- Лица со отежнато вработување поради пречки во развојот, хендикеп-инвалидитет, болест и слично.

Креирањето на сезонски работни места за неквалификувани лица ќе се остварува преку поддршка на јавни работи во локалната, комунална инфраструктура (патишта, водоводи и др.) посебно ревитализација на селата и заштита на животната средина (гаснење на шумски пожари, пошумување на ерозивни површини, уредување на зеленило и јавни површини) и работа во државни и јавни установи - министерства, училишта, здравствени центри, центри за социјална работа, јавни претпријатија.

Освен тоа, ќе се основаат клубови за вработување кои ќе пружаат најразлични услуги за сите заинтересирани без разлика дали се вработени или невработени. Овие клубови ќе го поддржуваат компјутерското образование и учењето на странски јазици, ќе ги едуцираат и информираат граѓаните за начините за поефективно барање на работа и за слободните работни места, за потребите на економијата за нови профили на занимање односно помош за професионална ориентација или преориентација и слично.

Со цел подетално да се следат промените во структурата на работоспособното население и понудата и побарувачката на пазарот на работна сила, ќе се преземат активности за основање на база на податоци за работоспособното население во Државниот завод за статистика. Оваа база ќе му пружи можност на Министерството за труд и социјална политика за следење на промените во работоспособното население како на пример појава на "стареење" на населението, промени во неговата структура и слично, следење на понудата и побарувачката на пазарот на работна сила и така натаму.

2.1.2. Мерки за зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила

Покрај подобрувањето на евиденцијата на невработените лица, Владата на Република Македонија ќе преземе мерки за решавање на проблемот на нефлексибилноста на пазарот на работна сила. Нефлексибилноста на пазарот на работна сила е една од причините за алармантната невработеност, а посебно за висока за-

стапеност на долгорочната невработеност (над една година) во вкупната невработеност. За таа цел, непосредно ќе се стимулираат работодавците за поголема примена на економични и флексибилни форми на вработување (пробна работа, работа по договор, работа дома и др.) и зголемување на интересот и мотивираноста на невработените за активно барање работа (вработување) и самостојно решавање на егзистенцијалниот статус на потенцијалните претприемачи во приватниот бизнис (самовработување). Едновремено, ќе се ревидира пасивната поддршка на невработените лица (изострување на критериумите за добивање на бенефиции и социјална помош, зголемен увид и ревизија на центрите за социјална работа) за сметка на проширување и давање приоритет на активната поддршка на пазарот на трудот. Притоа, во делот на социјалната заштита ќе се остварува непосредна соработка со невладиниот и приватниот сектор. Паралелно, ќе се поддржува зајакнување на грижата за заштитата на работната сила и хуманизацијата на условите за работа.

Со цел да се зголеми иницијативата меѓу невработените за прифаќање на понудената работа и задржување на работното место, ќе се изврши ревидирање на должината на периодот на примање на паричен надоместок во случај на невработеност, со цел надоместокот да ја остварува неговата основна улога: државна помош на невработените во периодот на транзиција од едно на друго работно место.

Во заеднички дијалог со социјалните партнери ќе се разгледа можноста за измени на Законот за работни односи во насока на зголемување на флексибилноста на пазарот на работна сила. Од друга страна, за да се спречат големите потреси во економијата, претпријатијата ќе имаат обврска однапред да ги најавуваат големите отпуштања за да може веднаш да се преземе општествена акција за нивна транзиција на друго работно место или пак преквалификација, доколку нема побарувачка за работници со такви профили.

2.1.3. Мерки за осовременување на системот на информации, посредување и консултации

Владата на Република Македонија ќе го поттикне модернизирањето на организационата поставеност и начинот на работа на Заводот за вработување на Република Македонија како најкомпетентна советодавна институција за решавање на проблемите на вработувањето, со цел таа да стане современ сервис (електронска берза) на трудот. Децентрализацијата и пристапот до услугите ќе се остварува преку подобро координирање на работата на локалните бироа за вработување и нивно натамошно мрежно поврзување, а ќе се афирмираат и клубовите за вработување.

Ќе се подобри информирањето за пазарот на трудот (статистиката на трудот) преку ревитализација и модернизација на постојните и проектирање на нови современи информациони системи. Воведувањето на комплетна база на податоци-регистар за секој работодавец и список на слободни работни места, осигурано лице и осигурител ќе придонесе да се намали вонинституционалната вработеност и злоупотреба на помошта и бенефициите. Ќе се засили административната координација помеѓу Заводот за вработување и надлежните институции (Центарот за социјални работи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, Државниот инспекторат за труд, Фондот за здравствено осигурување и др.).

Покрај тоа, ќе отпочнат активности за одвојување на правото на здравствена заштита од правото на паричен надоместок во случај на невработеност. На тој начин, Заводот за вработување ќе може целосно да ги насочи своите финансиски средства и човекови ресурси кон остварување на неговите основни функции: посредување при вработување, обука, доквалификација и преквалификација, како и советување и помош за професионална ориентација.

2.2. Намалување на сиромаштијата и подобрување на системот на социјална заштита

Со цел намалување на сиромаштијата во 2003 година се очекува да се почне со имплементација на "Националната стратегија за намалување на сиромаштијата", во која се фокусирани основните политики насочени кон брз економски развој, креирање на нови работни места, обезбедување на програми за обука и распоредување на работна сила, подобрување на квалитетот, ефикасноста и правичноста на образовниот систем, подобрување на постојниот систем на социјална заштита и поттикнување на преструктуирањето и управувањето во секторот на претпријатијата. Посебен акцент ќе се стави на инвестициите во проекти за вклучување во овие процеси на сиромашните кои живеат во доминантно руралните средини.

Имајќи ја предвид стратешката определба на Владата за намалување на сиромаштијата, во наредниот период ќе се преземаат мерки во системот на социјалната заштита во насока на:

- поправедна распределба и насочување на помошта на најсиромашните категории од населението;
- преоценка, дополнување и допрецизирање на критериумите за остварување на правата од областа на социјалната заштита, пред се' заради стимулирање на корисниците на социјална помош за нивно работно ангажирање и активно вклучување на пазарот на трудот;
- подобрување на административна ефикасност и координација на програмите за социјална заштита;
- контрола на наменското трошење на средствата за социјална заштита.

Исто така во оваа сфера во 2003 година се предвидуваат почетни активности за реформи во системот на социјална заштита. Во текот на првата половина, ќе се воведе плурализација на социјалната заштита преку приватизација и вклучување на невладиниот сектор. Со овие реформи покрај повисокиот квалитет на услуги, би се намалила и државната администрација.

Во пензискиот систем со последните реформи се настојува да се обезбеди финансиската одржливост на системот преку воведување на пензиски систем на повеќе столбови. Стратегијата за реформа на пензискиот систем во Македонија веќе е завршена, сега претстои процесот на имплементација, кој што се очекува да почне во 2004 година. Ефикасното спроведување на пензиските реформи ќе биде поддржано со преземање мерки за зајакнување на изворите на финансирање преку емисија на хартии од вредност и натамошен развој на финансискиот пазар.

3. Реален сектор

3.1. Анализа на факторите на економскиот раст

Во наредната година се очекува јавната потрошувачка и нето извозот да имаат негативен ефект врз растот на БДП. Јавната потрошувачка ќе претрпи значително намалување поради контракцијата на фискалната политика, додека влезот во Светската трговска организација (СТО) ќе има негативно влијание врз трговскиот биланс. Имено, искуствата на речиси сите земји во транзиција говорат дека либерализацијата на трговијата во првите години по влезот во СТО подобро ќе ја искористат странските компании кои се поуспешни во продорот на нови пазари, отколку домашните претпријатија, кои се' уште немаат агресивни маркетингшки стратегии за продор и проширување на странските пазари. Според тоа, треба да се очекува негативен придонес во растот на БДП од нето извозот од околу 1 процентен поен. Кога кон ова ќе се додаде и проектираното намалување на јавната потрошувачка од околу -10%, негативните ефекти врз БДП ќе достигнат -3,7 процентни поени.

Анализа на факторите на растот			
Придонес во реалниот пораст на БДП	2001 оценка	2002 оценка	2003 проекц.
Бруто-домашен производ	-4,5	0,3	3,0
Финална потрошувачка	-2,0	2,1	1,1
Финална потрошувачка на домаќинствата	-5,3	3,6	3,6
Финална јавна потрошувачка	3,3	-1,5	-2,5
Бруто-инвестиции	-4,3	2,0	2,7
Инвестиции во основни средства	-3,2	1,8	2,2
Пораст на залихи	-1,0	0,2	0,4
Извоз на стоки и услуги	-8,0	-0,2	3,4
Извоз на стоки	-4,6	-1,3	2,2
Извоз на услуги	-1,3	0,3	0,6
Набавка на нерезидендите во земјата	-2,1	0,8	0,6
Увоз на стоки и услуги	-9,9	3,5	4,1
Увоз на стоки	-10,3	3,4	3,7
Увоз на услуги	0,4	0,1	0,5

Извор: Министерство за финансии

Ваквите движења ќе бидат надоместени со реален пораст на приватната потрошувачка и инвестициите. Приватната потрошувачка ќе оствари раст од околу 5%, со што би имала позитивен придонес врз растот на БДП од околу 3%. Високиот раст на потрошувачката делумно ќе се должи на минатогодишното зголемување на платите во владиниот сектор и на пензиите, кое во маса изнесува околу 2% од приватната потрошувачка. Покрај тоа, позитивно влијание ќе има очекуваниот пораст на бројот на вработените во 2003 година, како и остварувањето на реален пораст на вкупните просечни плати во 2002 година.

Инвестиции на приватниот сектор

Покрај потрошувачката, позитивен придонес во реалниот пораст на БДП од 3% ќе имаат и инвестициите во основни средства, кои ќе забележат стапка на реален раст од околу 20%. Зголемената инвестициона активност ќе биде предводена од приватниот сектор, што првенствено се должи на: а) нормализирање на политичко-безбедносната состојба и подобрување на економскиот амбиент, б) преструктуирање на домашните претпријатија, и в) намалување на даночното оптоварување од 2,7% од БДП како резултат на укинување на данокот на финансиски трансакции.

Во услови на ограничени домашни ресурси, ќе се посвети големо внимание на прашањето за привлекување на странските директни инвестиции. Во таа насока, политиките на Владата ќе бидат засновани на 4 темелни принципи:

- национален третман на странските инвеститори;
- владеење на правото и целосна заштита на правото на сопственост на странските инвеститори;
- стабилна и конзистентна регулатива, односно економски амбиент за делување, со зголемени олеснувања за новите инвестиции;
- адекватно и транспарентно функционирање на сите институции на системот.

Министерството за економија, со поддршка на странски донатори и врз основа на успешни примери и практики, ќе обезбеди институционална форма за поддршка и помош на странските инвеститори. Од тоа ќе произлезе независна, високо професионална и способна институција, чија задача нема да биде само да ги привлече странските инвеститори, туку и да ги следи и поддржува континуирано и во периодот после отпочнувањето со работа на проектите, односно во периодот после вложувањето.

Инвестиции во јавниот сектор

Во јавниот сектор, во 2003 година ќе се операционализира "Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија". Инвестирањето на јавниот сектор ќе се остварува со средства од инвеститорите, средства од Буџетот на државата, средства од продажбата на АД "Македонски телекомуникации", неповратна помош од странски донатори, како и со користење на поволни странски кредити, согласно платно - билансните можности на државата.

Во 2003 година во патната мрежа инвестиционите активности ќе бидат насочени кон довршување на изградбата на започнатите патни правци (автопатската делница Неготино - Демир Капија), започнување со изградба на патни правци од транспортните коридори 8 и 10, како и изградба на нов коловоз Смоквица - Гевгелија со средства од Европската банка за обнова и развој и Европската унија.

Во енергетиката ќе продолжи изградбата на ХЕЦ "Козјак", ревитализација на хидроелектраните и доизградба на електроенергетската мрежа. Во оваа област, од особена важност во 2003 година ќе биде отпочнување на реализацијата на Проектот за изградба на далновод Штип - Ченрна могила (Р. Бугарија), како и проектот за изградба на хидроцентралата Матка 2.

Во 2003 година ќе продолжи имплементацијата на проектот "Еколошка заштита на Охридското езеро" со финансиска неповратна помош од Владата на СР Германија, во вкупен износ од 11,24 милиони евра, а ќе започне и реализацијата на првата фаза на проектот "Еколошка заштита на Преспанското езеро" (2,75 милиони евра).

Ќе продолжат активностите поврзани со проектот "Придружни мерки за отворање на нови работни места преку активности за подобрување на комуналната инфраструктура во 13 општини во Република Македонија" - (прва фаза) кој се реализира со неповратна финансиска помош во висина од 8,18 милиони евра од Владата на СР Германија, а во почетокот на 2003 година ќе отпочне и физичката реализација на втората фаза од овој проект за што од Владата на СР Германија е обезбедена донација од 5,11 милиони евра.

Во секторот за наводнување, со обезбедените средства од Буџетот на државата, неповратната помош од Владата на Холандија и кредитните средства од Светската банка, ќе продолжи реализацијата на проектот за рехабилитација и реконструкција на ХМС "Брегалница", ХМС "Тиквеш", ХМС "Радиовце -Бистрица", ХМС "Гостиварско поле" и ХМС "Бањичко поле", согласно предвидената динамика. Во 2003 година ќе продолжи реализацијата на проектите за водоснабдување и пречистување на отпадните води во населените места во Република Македонија

Инвестиции во животната средина

Во делот на животната средина и просторното планирање ќе се завршат веќе отпочнатите активности, а во исто време ќе се започне со голем број нови проекти со цел подобрување на условите на живот и самата инфраструктура во Републикава. Овие проекти во најголем дел ќе бидат финансирани од донации од меѓународни институции, пред сé Светската банка, KfW банката, Европската унија, како и од средства од Буџетот на Република Македонија.

Во областа на заштитата на квалитетот на површинските проточни води и заштитата на езерата ќе се започне со проектот за заштита на Преспанското езеро и реката Вардар, ќе се реализира проектот за спас на Дојранското езеро, а до крајот на јуни 2003 година ќе се заврши и проектот за заштита на Охридското Езеро.

Покрај тоа што ќе се работи на заштита на животната средина неопходно е и мониторинг на истата. За таа цел во 2003 година ќе се изврши заокружување на мрежата на мониторинг станици за квалитет на воздухот, а исто така и обновување и надградба на мониторинг системот на водите во Република Македонија.

Република Македонија се соочува со проблемот наречен обезбедување здрава вода за пиење кој Владата ќе проба да го ублажи со реализацијата на водоснабдувачкиот систем Студенчица и финализација на фабриката за вода - Кочани.

Во 2003 година ќе се оди на решавање на проблемот со депонирање на цврстиот отпад во Републиката и тоа во гевгелискиот регион и Југозападна Македонија. Иста така во оваа година ќе се изготви и Стратегија за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија.

Со цел поефикасна работа на овој сектор неопходно е апроксимација на законодавството со она на ЕУ. Пред се треба да се изготви Рамковен закон за заштита на животна средина и да се донесе Закон за квалитет на воздух.

3.2. Секторски политики

Набљудувано според производната страна, растот на БДП во 2003 година ќе биде предводен од заздравувањето на индустриското производство, нормализирање на состојбите во земјоделието по штетите предизвикани од обилните дождови во 2001 година, умерен пораст на трговијата на големо и мало, надополнето со порастот во градежништвото и сообраќајот и врските.

Индустрија - Со оглед на високото учество во структурата на БДП, главниот двигател на реалниот економски раст во 2003 година ќе биде индустриското производство, за кое се предвидува реален раст од 4,6% на годишно ниво. Ваквиот пораст се базира на следните сознанија:

- Укинување на данокот на финансиски трансакции, што ќе доведе до намалување на даночното оптоварување за 2,7% од БДП;

- Рестартирање на дел од претпријатијата загубари по нивната продажба на странски инвеститори (пр., "Југохром");

- Обновување на производните договори во текстилната индустрија, како резултат на подобрениот економски амбиент;

- Укинување на заштитните мерки за челикот и челичните лимови кои се извезуваат во САД. Изземањето на македонските производители од заштитните мерки на САД, ќе претставува дополнителен импулс за зголемување на производството и извозот на овие стоки. Ваквите очекувања се поткрепени со зголемените нарачки за наредната година и реализирањето на инвестициониот аранжман во "Макстил" со средства од кредитот од Европската банка за обнова и развој во износ од 15 милиони САД$;

- Поволни трендови во обоената металургија. Имено, со оглед на зголемената побарувачка на суровини во светски рамки, се очекува натамошно зголемување на берзанската цена на обоените метали;

- Странски директни инвестиции во одредени производни капацитети.

Земјоделство - Со оглед на ниската споредбена основа во 2001 година и оценетата стапка на реален пораст на земјоделството во 2002 година од околу 2,5%, во 2003 година се очекува натамошен раст на земјоделството од 3,4%. Ваквиот раст ќе биде поддржан преку проектот за развој на земјоделството на Република Македонија во рамките на Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (IFAD), преку кој ќе бидат одобрени над 3 илјади кредити со каматна стапка од 5-7%, преку повеќе македонски деловни банки кои ќе учествуваат и со дополнителни сопствени средства. Покрај тоа, ќе биде обезбедена техничка помош и стручни совети, обука на терен, презентација на нови технолошки процеси и развој на маркетиншки способности. Корисници на овие кредитни линии ќе бидат индивидуални земјоделци и сточари, претпријатија чија основна дејност е преработка на земјоделски производи и/или трговија и извоз на земјоделски производи.

Градежништво - во 2003 година се очекува градежништвото да оствари реална стапка на пораст од 4,6%, како резултат на предвидената зголемена инвестициона активност во градежништвото иницирана од започнувањето на неколку проекти финансирани со средства од меѓународни финансиски институции.

- Продолжување на реализацијата на проектот "Заобиколница околу Скопје" финансиран од Европската инвестициона банка (ЕИБ);

- Изградба на дел од делницата Е-75 на делот Стоби-Неготино. За реализација на овие два проекти, се очекува да бидат повлечени средства од ЕИБ во висина од 20 милиони САД$ по основ на одобрени кредити;

- Изградба на делницата Неготино-Демир Капија, за што се обезбедени грант средства (неповратни) од Европската комисија во износ од 11 милиони САД $;

- Проект за изградба на станови за лица со ниски приходи, финансиран од Банката за развој при Советот на Европа. За оваа цел, се одобрени средства во износ од 6 милиони САД $.

- Операционализација на грчкиот план за реконструкција на Балканот, каде во најголем дел се предвидува финансирање на инфраструктурни проекти;

- Продолжување на процесот на изградба и реконструкција на куќите и инфраструктурните објекти во кризниот регион, во најголем дел со средства од странски донации.

Транспорт и комуникации - во 2003 година, највисок пораст во однос на претходната година се очекува токму кај транспортот и комуникациите. Според првичните анализи, предвиден е реален пораст кај транспортот и комуникациите од 7,3% во споредба со минатата година. Ваквите проценки базираат на следното:

- Започнување со работа на вториот мобилен оператор;

- Транспорт на нафта кон Косово, СРЈ преку новиот крак на нафтоводот Скопје-Солун;

- Зголемување на ефикасноста во поштенскиот сообраќај;

- Нови инвестиции во "Телеком" (обврска која произлегува од договорот за продажба на "Телеком" на странскиот партнер).

Туризам - Во 2003 година, се очекува туризмот да оствари реален пораст од 7,1% во однос на минатата година. Ваквите очекувања се резултат на подобрената безбедносна состојба во земјата и ниската споредбена основа во изминатите неколку години. Во насока на остварување на оваа цел, неопходно ќе биде:

- подобрување на промоцијата на македонските туристички можности на странските пазари преку заеднички и организиран маркетиншки настап;

- подобрување на квалитетот на туристичките услуги; и

- зголемување на обемот и содржината на туристичката и вонтуристичката понуда.

Примарен носител на овие активности ќе биде приватниот сектор, при што Владата ќе ја помага и поттикнува приватната иницијатива.

3.3. Поддршка на претприемништвото, мали и средни претпријатија

Секторот на мали и средни претпријатија, заедно со секторот на микро и семејни бизниси имаат големо значење за Република Македонија, бидејќи претставуваат флексибилен развоен сектор, способен за брзо креирање работни места и динамизирање на економскиот раст. За таа цел, Владата веќе донесе и посебна Програма за поддр-

шка на претприемништвото и создавање конкурентност на малите и средни бизниси во Република Македонија, која што претставува составен дел на овие политики.

Република Македонија ќе се приклучи и ќе земе активно учество во иницијативата на Европската комисија за прифаќање и примена на Европската повелба за мало стопанство, во земјите од Западен Балкан, која што се смета за темел на политиката на ЕУ во делот на поддршката на претприемништвото.

Активностите на Владата за поддршка на претприемачите, малите и средни претпријатија ќе бидат фокусирани на 4 основни области:

1. создавање ефикасна институционална инфраструктура за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност;

2. изградба на поволно економско окружување и степен на економски слободи соодветен на сегашната развојна фаза на економијата (законска регулатива и услови за почнување и вршење на економска дејност);

3. поттикнување на претприемачкиот дух и нефинансиски форми за поддршка на претприемништвото;

4. создавање поволен амбиент и механизми за поефикасно реализирање на финансиски форми на поддршка на развојот на претприемништвото.

Ќе се обезбедат форми и механизми за олеснување и интензивирање на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор, како и степенот на координација на сите заинтересирани страни за поддршка на претприемништвото, малите и средни претпријатија.

Со цел да се олесни и забрза спроведувањето на програмите и проектите за поддршка на претприемништвото, малите и средни претпријатија, предвидено е формирање на Македонска агенција за поддршка на претприемништвото (МАПП), како централна, високостручна и непрофитна организација, која ќе биде клучен имплементатор на стратегијата и политиката на Владата за поддршка на малите и средни претпријатија.[1]

Владата на Република Македонија ќе посвети посебно внимание на создавањето на поволен амбиент за основање и работа на малите и средни претпријатија, преку политиката за поедноставување на административните формалности и нивно сведување на минимум. Воедно, целта на оваа "анти-бирократска програма" ќе биде да го потенцира значењето на инвеститорот, како централен субјект во економијата.

Покрај тоа, Владата на РМ, преку нефинансиски форми на поддршка, ќе го поттикнува претприемачкиот дух и култура, со цел идентификација и поддршка на критична маса на постојни и потенцијални претприемачи кои на себе ќе го понесат товарот на развојот на секторот на малите и средни претпријатија.

Преку мерки за подобрување на деловното окружување и перцепцијата за ризичноста на секторот на МСП (законска регулатива, гарантни фондови, агенции за кредитен рејтинг и друго) ќе се создава амбиент за поинтензивно користење на постојните финансиски извори. Тоа ќе резултира со повлекување најмалку 18 милиони САД долари, по основ на кредити од склучени мултилатерални и билатерални договори со меѓународни финансиски организации и влади на други држави. Во натамошниот дел е дадена структурата на расположливите кредитни линии:

- Стоковна кредитна линија од Република Италија за набавка на машини, опрема и технологија од италијанско производство во износ од 10 милиони евра, наменети за проекти со кои се обезбедува ново производство, модернизација, заокружување на технолошкиот процес и отстранување на тесни грла во преработувачката индустрија, градежништвото, хотелите и ресторани и превозот на стоки во друмскиот сообраќај.

- Програма за кредитирање на развојот на мали и средни претпријатија од страна на Кредитната банка за обнова на Германија (KfW), во висина од 3,2 милиони евра, наменети за модернизација и проширување на постоечките приватни мали и средни претпријатија и основање на нови.

- Германско македонски фонд за кредитирање на повратници од Германија, во износ од 9,8 милиони евра, наменети за мали и средни претпријатија од производен, услужен, градежен или аграрен сектор.

- Програма за кредитирање на мали бизниси (микро и мали кредити), во висина од 5,7 милиони евра.

- Револвинг фонд од Банката за развој при Советот на Европа (ЦЕБ), наменета за креирање на нови работни места во мали и средни претпријатија од областа на текстилната, кожната и прехранбената индустрија.

- АПЕКС глобален заем од Европската инвестициона банка, во висина од 17,7 милиони евра, за мали и средни претпријатија од сите дејности.

- Кредит за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија од Владата на Холандија, во висина од 4 милиони евра, наменети за поддршка на микро и мали претпријатија и индивидуални земјоделци.

- Кредитна програма за мали претпријатија од ФАРЕ, наменета за купување на машини и опрема и долгорочно финансирање на нови проекти.

Покрај обезбедените средства од меѓународни финансиски институции, за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија предвидени се и кредитните линии од домашни извори, што се реализираат преку Македонската банка за поддршка на развојот.

Дополнителен импулс за малите претпријатија и особено за почетните бизниси, ќе претставува и поддршката од Банката за микрофинансирање, формирана од страна на EBRD, IFC и KfW, која ќе биде специјализирана за финансирање на претприемачките иницијативи.

Од големо значење ќе биде и конституирањето на мешовитиот македонско-италијански комитет на претприемачи, чија основна задача ќе биде промовирање и интензивирање на економските, финансиските и инвестициските врски меѓу двете земји.

3.4. Структурни реформи и довршување на приватизацијата

Продолжувањето на структурните реформи во секторот на претпријатијата ќе биде во рамките на предвидените обврски во матрицата на активности на ФЕСАЛ 2 аранжманот со Светската банка. Синдикатот активно и навремено ќе биде вклучен во сите активности поврзани со решавање на прашањата на претпријатијата-загубари во рамките на планираните проекти со Владата, преку обезбедување на заемна соработка и транспарентност на процесот на преструктурирањето.

Во текот на 2003 година ќе се преземат активности за решавање на статусот на преостанатите претпријатија загубари од листата на 30 претпријатија предвидени со аранжманот, при што ќе се обезбеди целосна транспарентност на процесот. Интенциите на Владата на Република Македонија во 2003 година се во насока на забрзување на реформите и намалување на буџетската поддршка на овие претпријатија. Според предложениот Акционен план на Министерството за економија, во 2003 година вкупната буџетска поддршка ќе се намали за 50% и ќе изнесува 2,8% од БДП. Ова ќе значи ослободување на дополнителни буџетски средства, кои во согласност со владините приоритети, ќе бидат искористени за попродуктивни намени.

Преструктурирањето во традиционалните дејности и големите претпријатија ќе биде поттикнато преку:

- завршување на процесот на приватизација на резидуалите на државниот капитал и општествениот капитал во текот на 2003-та година, со понуда на акциите на заинтересирани купувачи преку пазарите на капитал, на транспарентен начин;

[1] За остварување на овие цели, Владата на РМ веќе усвои посебна Програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малите и средните бизниси во Република Македонија.

- изготвување на студии и реализација на проекти за преструктурирање на клучните стопански дејности и гранки, особено оние што се извозно ориентирани, со цел создавање на конкурентност на македонското производство во пост-приватизациониот период;
- поддршка за развојот на менаџерските вештини и стратегии на корпоративно управување и корпоративна култура;
- поттикнување на процесите за технолошка модернизација-имплементирање на адекватна технологија и високи технолошки стандарди - технолошко преструкутирање.

Преструктуирањето на јавните претпријатија ќе претставува значаен дел од структурните реформи во 2003 година. За подобрување на ефикасноста на работењето, јавните претпријатија ќе имаат обврска да подготват програми за преструктуирање и можна дерегулација. Во тие рамки, ќе се испита можноста за продажба на основните средства кои не се суштински за извршување на основната дејност на "Македонски железници", заради сервисирање на обврските кон странските кредитори.

Покрај тоа. Владата на РМ ќе се ангажира и ќе преземе мерки во насока на преиспитување и ревизија на отпочнатите или завршените процеси на приватизација кај одделни претпријатија кај кои постојат индиции за непочитување на законските прописи или злоупотреби.

3.5. Реформи во финансискиот сектор

3.5.1. Банкарски сектор

Здравиот и конкурентен банкарски систем е еден од основните предуслови за мобилизација на финансиските ресурси и нивна ефикасна алокација, за зголемување на штедењето и инвестициите и за создавање на оптимална структура на каматните стапки.

Успешното преструктуирање (намалено ниво на нефункционални пласмани) како и значителното ниво на странски капитал во банкарскиот сектор (40,3% во 2002 година), се очекува во 2003 година да придонесе кон доизградување на стабилен и конкурентен банкарски сектор во Република Македонија. Како резултат на подобрите перформанси на банките ќе започне постепен процес на намалување на активните каматни стапки, со крајна цел поттикнување на целокупниот економски развој во Република Македонија.

Во таа насока, продолжува процесот на зајакнување на супервизијата врз банките и штедилниците, преку дополнување на Законот за банки и донесување соодветни подзаконски акти (за консолидирана супервизија, ИТ супервизија, електронско банкарство и пазарен ризик), со цел усогласување и целосна примена на европските директиви и Базалските стандарди за банкарска супервизија. Истовремено, Народната банка ќе ја зајакнува и регионалната соработка и размена на информации со банкарските супервизорски тела од Република Словенија, Бугарија, Турција и Грција.

Голем дел од девизниот потенцијал на комерцијалните банки сé уште е неискористен поради неговото чување во странски банки. Во 2003 година се очекува дел од овој депозитен потенцијал банките да го искористат и вложат во македонската економија. За таа цел, во 2003 година се предвидува измена на Законот за девизно работење, при што на комерцијалните банки ќе им биде дозволено да одобруваат девизни кредити на сите правни лица, а не само на оние кои имаат плаќања кон странство. Всушност, зголемениот број на девизни кредити ќе обезбеди заживување на работењето на претпријатијата, подобрување на нивната ликвидност, а во согласност со политиката на стабилен курс на денарот во однос на еврото ќе придонесе активната каматна стапка да се намали, што воедно ќе значи поевтини средства за финансирање на инвестициите. Притоа, ќе се спроведува бескомпромисна примена на правилата на банкарската супервизија, со цел да се зајакне довербата во банкарскиот сектор на Република Македонија.

Со измените на Законот за Фондот за осигурување на депозити ќе се овозможи банките со подобар бонитет да плаќаат пониски премии за осигурување на депозитите во однос на банките со послаб бонитет, со што би се намалиле нивните трошоци, би се зголемила конкуренцијата како и мотивот за поефикасно работење. Поради намалување на овие трошоци во работењето би се очекувала зголемена кредитна активност по пониски цени.

Во 2003 година се очекува да започне со работа Банката за микрофинансирање, чија основна дејност ќе биде финансирање на малите бизниси кои претставуваат еден од битните фактори за структурно приспособување и динамизирање на економскиот развој, а со тоа и фактор кој генерира нови работни места, поголема кредитна активност и инвестиции.

Во насока на намалување на каматните стапки на банкарските кредити, подобрување на финансиската дисциплина и намалување на нивото на лоши заеми во портфолијата на банките, ќе се донесе Закон за договорен залог, како и извесни подобрувања на Законот за извршна постапка.

Воедно, ќе се изврши преструктуирање на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) со цел да се зголеми нејзината ефикасност. Една од главните задачи на МБПР ќе биде кредитирањето на производството наменето за извоз. За таа цел, ќе се зголеми нејзиниот финансиски потенцијал со што ќе се обезбеди преземање на ризик од извозна активност и осигурување на извоз од некомерцијален ризик.

И покрај маргиналната улога на штедилниците во банкарскиот систем, сепак, нивното учество во вкупниот финансиски потенцијал на ниво на банкарски систем е зголемено и изнесува 0,8%. Во 2003 година се планира преиспитување на законската регулатива, дефинирање на концептот на системската поставеност на штедилниците и утврдување на можни насоки за нивен развој. Сето ова со цел стимулирање на штедењето, поттикнување на конкуренцијата, како и поквалитетно отслужување на населението, со оглед на нивната регионална дисперзираност.

3.5.2. Пазар на капитал

Имајќи предвид дека развиениот пазар на капитал е основен предуслов за динамизирање на економскиот раст, потребно е создавање и развивање на ефикасен и целосно функционален пазар на капитал. Само развиен пазар на капитал може да обезбеди доволно расположливи средства за финансирање на потенцијалните инвестиции како во приватниот, така и во јавниот сектор. Активностите за развој на овој пазар првенствено се ориентирани кон отстранување на регулативните бариери кои го попречуваат нормалното функционирање на пазарот. Развиениот пазар на капитал се очекува индиректно да придонесе за зајакнување на конкуренцијата во однос на банките, како и намалување на каматите на кредитите што тие ги нудат.

Во текот на 2003 година ќе продолжи кампањата на Комисијата за хартии од вредност за едукација на акционерите и граѓаните за можностите и предностите за работа и заработување преку пазарот на капитал, како и континуирана обука на брокери и воведување на обука за инвестициони советници.

Измените на Законот за хартии од вредност во смисла на обврската за котација на официјалниот пазар на Берзата на сите акционерски друштва кои ги исполнуваат условите за котација, за период од една година, односно во 2003 година, ќе донесат позитивни промени на пазарот на капитал. Имено, оваа мерка ќе придонесе за менување на односот кон транспарентноста, отворање на акционерските книги, користење на берзата за подобрување на имиџот на компанијата, зголемување на ликвидноста на пазарот, прибирање нов капитал итн.

Во услови на сé поголема глобализација продолжуваат активностите за интеграција на берзите од регионот. Имено, по информационото поврзување на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност со Љубљанската берза што ќе резултира и со целосно интегрирање на двете берзи, оваа година ќе се направат напори за поврзување и со Берзите во Загреб и Белград. Истовремено, со Атинската берза продолжуваат активностите за организирање дуална котација на македонските компании на Атинската берза.

Следејќи ги современите светски трендови на полето на пазарот на хартии од вредност и усогласувањето со европските директиви, а со цел подобрување на амбиентот на македонскиот пазар на капитал, се предвидуваат измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност, Законот за преземање на акционерски друштва и Законот за инвестициони фондови.

Во текот на 2003 година се предвидува реализација на проектот на Министерството за финансии за издавање краткорочни државни хартии од вредност, што ќе овозможи поевтино финансирање на државата, збогатување на понудата на хартии од вредност, зголемување на прометот на берзата поради атрактивноста на хартиите од вредност од аспект на нивната сигурност. Исто така, во 2003 година Министерството за финансии ќе изврши нова емисија на обврзници за денационализација.

Ќе се преиспита начинот на продавање на акциите со кои располага Агенцијата на Република Македонија за приватизација, со цел зголемување на транспарентоста и заокружување на процесот на приватизација.

3.6. Политика на цени

Политиката на стабилни цени и ниска инфлација ќе продолжи да биде една од главните карактеристики на макроекономската политика. Како резултат на очекуваното излегување на македонската економија од рецесијата ќе дојде до прекинување на дефлационите тенденции на цените на производителите на индустриски производи (-1% во 2002 година). Тоа ќе предизвика мал пораст на просечната годишна инфлација мерена преку трошоците на живот од 2% во 2002 година на 3% во 2003 година.

Монетарната политика која ќе биде заснована на одржување на стабилен курс на денарот во однос на еврото, ќе обезбеди поволен амбиент за постигнување на таргетираната ниска инфлација. Проекциите за намалување на инфлацијата во ЕУ и земјите кои очекуваат прием во ЕУ, ќе го елиминираат надворешниот инфлаторен притисок кој може да дојде од увозните цени. Единствено растечката цена на суровата нафта ќе врши нагорен притисок врз домашните цени во првиот квартал на годината кога се очекува кулминација на политичко-воениот конфликт помеѓу САД и Ирак.

Цените на комуналните услуги ќе бидат главен извор на инфлациони притисоци од домашно потекло. Во 2003 година (ќе) дојде до промена на цените на топлинската енергија и водата за пиење, меѓутоа со оглед на малото учество во структурата на ценовниот индекс, не се очекуваат значителни промени.

Во 2003 година ќе продолжи примената на режимот на непосредна контрола на формирањето на цените на: производството и прометот на нафтата и нафтените деривати, производството и испорака на сурова вода од акумулациите за водоснабдување на населението и стопанството и производството и испорака на вода од водоснабдителните системи од интерес на Републиката.

Цените на електричната енергија, производството и прометот на нафта и нафтените деривати, дистрибуцијата на природен гас, дистрибуцијата на топлотна енергија и искористувањето на геотермалните води ќе се формираат во согласност со Методологијата за формирање на цените на одделни видови енергија. За вака формираните цени ќе одлучува Регулаторна комисија, која на предлог на Владата ќе биде избрана од Собранието.

Под режим на известување ќе се опфатат цените на: пастеризираното кравјо млеко; производството на лекови и фармацевтски хемикалии (готови лекови за хумана употреба); станаринатa; превозот на патници во градскиот и приградскиот сообраќај; дистрибуцијата на учебниците за основно и средно образование; посебниот надомест што ќе се плаќа при регистрација на друмските моторни возила; како и услугите на пазарите.

3.7. Политика на плати

Политиката на плати во 2003 година ќе биде во функција на одржување на макроекономската стабилност на земјата. Имено, во 2003 година се очекува да се продолжи со постојните нормативни решенија во ограничување на динамиката на платите, односно замрзнување на платите во јавниот сектор и ограничување на платите за работодавците со степен на приватизација под 51%, додека платите на правните субјекти кај кои повеќе од 51% од средствата се во приватна сопственост ќе се исплатуваат во рамките на нивните материјални можности и остварената продуктивност на трудот.

За ова ќе биде неопходно редовно и навремено следење на состојбите од аспект на примена на законските решенија кои предвидуваат контрола на динамиката на платите и ќе се води зајакната контрола на исплатите на платите на неприватизираните субјекти.

Примената на соодветните определби од Законот за државни службеници во 2003 година ќе се одложи, односно ќе се прилагодат решенијата кои важеа во 2002 година.

Со потпишувањето на Социјалниот договор помеѓу Владата на РМ од една страна, и Сојузот на синдикатите на Македонија од друга страна, во првиот квартал 2003 година, во јавниот сектор се очекува да се бидат завршени преговорите за склучување на останатите колективни договори на ниво на гранка.

Исто така ќе започнат активности за подготовка на регулативи за воспоставување на систем на плати за вработените во јавниот сектор во насока на воспоставување на еднакви критериуми, како основа за примена на колективните договори. Регулативите ќе бидат подготвувани и донесувани со вклучување на сите надлежни субјекти, вклучувајќи го и Синдикатот.

Доколку во 2003 година се оствари претпоставката за релативно брзо заздравување на економијата, како и забрзано остварување на реформите во претпријатијата, може да се очекува и подобрување на редовноста на исплата на платите.

4. Фискален сектор

Фискалната политика во 2003 година ќе се карактеризира со намалување на даночното оптоварување, силна контракција на расходите и поддршка на реформските мерки, при што дефицитот на консолидираниот буџет (централен буџет и фондови) од 5,6% од БДП во 2002 година ќе биде сведен на 2,0% од БДП во 2003 година.

Повисокиот буџетски дефицит, во отсуство на аранжман со ММФ и ветената платно-билансна поддршка, би значел ерозија на девизните резерви само во 2003 година за најмалку 90 милиони евра и сериозно рушење на довербата на странските инвеститори и кредитори. Воедно, со оглед на ограничените извори на финансирање на буџетскиот дефицит, повлекувањето на постојните депозити на буџетот од централната банка, би имало ефект на непокриена емисија на пари во износ од околу 4,5 милијарди денари. Ваквото инфлаторно финансирање на дефицитот би предизвикало повторно враќање на реалниот сектор во зоната на негативен раст (зголемување на каматните стапки и истиснување на инвестициите на приватниот сектор), а во екстерниот сектор, дополнително влошување на тековната сметка на платниот биланс и девалвација на домашната валута.

Предложената буџетска политика во 2003 година обезбедува фискална консолидација на среден рок, релаксирање на монетарната политика и создавање услови за намалување на каматните стапки. Одржливото ниво на буџетскиот дефицит во 2003 година ќе значи помал обем на финансирање од домашни извори и релаксирање на нагорниот притисок врз каматната стапка на благајничките записи на централната банка, со што фискалната политика ќе престане да предизвикува дисторзии врз каматните стапки и да го "истиснува" приватниот сектор од кредитниот пазар.

4.1. Даночна политика

Предложеното намалување на фискалното оптоварување од 3,5% од БДП (централен буџет и фондови) и ригорозниот план за рационализација на трошоците на консолидираниот буџет од 5,1% од БДП, се инвестиција во одржлив економски раст и фаќање чекор со напредните економии во транзиција. Со укинувањето на данокот на финансиски трансакции и неговите неповолни ефекти врз економските субјекти, Владата на Република Македонија ги демонстрираше своите определби за намалување на даночното оптоварување на стопанството. На тој начин, приватниот сектор веќе се стекнува со дополнителни 6,5 милијарди денари или 2,7% од БДП, кои во најголем дел ќе бидат преточени во инвестиции и нови работни места.

Загубените приходи со елиминирањето на данокот на финансиски трансакции (2,7% од БДП), делумно ќе бидат надоместени со предвиденото зголемување на приходите од данокот на додадена вредност. Воедно, во насока на поттикнување на извозната активност, укинат е и надоместокот за извршени царински услуги.

Во 2003 година ќе дојде до промена на даночните стапки на данокот на додадена вредност, односно ќе се изврши намалување на општата стапка на ДДВ од 19% на 18%, при што најголем дел од производите и услугите кои се оданочуваа со повластена даночна стапка од 5% ќе се префрлат во групата на производи кои сега ќе се оданочуваат со општата стапка од 18%.

Нето приходите од менувањето на стапките на ДДВ се пресметани на 2,1 милијарди денари на годишно ниво. Меѓутоа, ефектот од ваквото зголемување во извесна мера ќе биде неутрализиран со укинувањето на данокот на финансиски трансакции, кој генерираше приходи во износ од околу 6,4 милијарди денари на годишно ниво. Сепак, и покрај корекцијата, стапките на ДДВ задржуваат конкурентно ниско ниво, споредено со други земји од Европа и светот.

На овој начин, преку приходите од ДДВ се обезбедуваат потребните финансиски ефекти, не се зголемуваат расходите на економските субјекти и се создава простор за нови вложувања. Исто така, промената на стапките претставува исчекор во насока на изедначување на даночната стапка, со што се овозможува поедноставување на администрацијата на данокот, како од страна на даночната власт, така и од страна на даночните обврзници.

Покрај ова, изгубените приходи ќе бидат надоместени и со значително подобрување на наплатата на постојните даночни и неданочни приходи, како резултат на: а) борбата против сивата економија и минимизирањето на даночната евазија, б) интензивирањето на економската активност и закрепнувањето на даночните основи, и в) приливот на странски донации. Зајакнувањето на финансиската дисциплина во економијата ќе се изведе преку интензивен ангажман на Управата за јавни приходи, која воедно ќе биде одговорна и за доследно спроведување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања. Освен тоа, Царинската управа ефикасно ќе ги спроведува царинските прописи и процедури со што значително ќе се подобри наплатата на увозните давачки. Воедно, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ќе преземе поригорозни мерки за наплата на придонесите преку зајакнување на сопствените инспекциски екипи и поинтензивна заедничка контрола со Управата за јавни приходи.

4.2. Политика на буџетски расходи

Најголемиот дел од товарот на фискалната консолидација во 2003 година ќе го понесе расходната страна на буџетот, која ќе има изразито рестриктивни обележја. Имајќи ја предвид неповолната структура на трошоците, најголемите намалувања ќе се извршат кај трошоците кои имаат дискрециона карактер, првенствено трошоците за стоки и услуги и редовните капитални трошоци, кои во моментот не соодветствуваат на нивото на развој на една земја во транзиција. Во рамките на рационализацијата на буџетската потрошувачка, ќе се изврши и ревидирање на приоритетните инвестициони проекти финансирани од продажбата на Телекомот со цел поефикасно искористување на средствата.

Поради потребата од рационализација на буџетската потрошувачка, привремено ќе се одложи декомпресијата на платите во јавниот сектор, која што иницијално беше планирана за 2003 година. Одложувањето е во согласност со препораките на Светската банка, имајќи предвид дека со минатогодишната корекција на платите во владиниот сектор во јуни 2002 година веќе беше извршена и извесна декомпресија.

Брзото кумулирање на достасани неизмирени обврски на владиниот сектор кон домашните субјекти во предизборниот период придонесе за зголемена неликвидност на приватниот сектор, што дополнително го одложи оздравувањето на економијата. Оттаму, забрзаното сервисирање на неисплатените домашни обврски и подобрувањето на финансиската дисциплина на буџетските корисници ќе претставуваат значаен елемент на буџетската политика за 2003 година. Зајакнувањето на финансиската дисциплина ќе се изврши и преку консолидација на депозитите на вонбуџетските фондови и агенции и насочување на единствената трезорска сметка и воспоставување на систем на евиденција на достасаните неизмирени обврски на буџетските корисници. Воедно, депозитните средства на државните органи, јавните претпријатија и единиците на локалната самоуправа ќе бидат пласирани во бонитетни банки. Во таа насока ќе биде и донесувањето на повеќе закони, како што е новиот Закон за јавни финансии, Законот за измена и дополнување на законот за буџети и Законот за отворање сметки и депонирање на слободни парични средства на Јавни претпријатија, Акционерски друштва во државна сопственост, единици на локална самоуправа и други единици кои немаат статус на буџетски корисници.

Покрај тоа, ќе се воспостави и цврста контрола на финансиското работење на јавните претпријатија, со оглед дека истите претставуваат потенцијален извор на дополнителни, непредвидени буџетски обврски. Јавните претпријатија ќе изготвуваат програми за финансиска консолидација и извештаи за финансиското работење. Во функција на зголемување на ефикасното користење на ресурсите, ќе се води и политика на приватизација на одделни јавни претпријатија.

Покрај тоа, ќе се напушти постојната практика на прикриени субвенции за одредени производители, при што во согласност со новиот Закон за стокови резерви, државните резерви ќе бидат сведени само на неопходните производи. Практиката на нетранспарентни јавни набавки целосно ќе биде елиминирана во 2003 година.

Политиката на заздравување на јавните финансии предвидува забрзување на реформите во пензискиот и здравствениот систем. На долг рок тоа ќе овозможи подобрување на финансиската состојба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување со што ќе се намали притисокот врз централниот буџет за трансфер на средства кон соодветните фондови.

Финансирањето на буџетскиот дефицит во најголем дел ќе биде со користење на надворешни извори (странски донации и кредити), исклучиво под концесионални услови. При тоа, задолжувањето ќе биде во согласност со Стратегијата за управување со јавниот долг, строго почитувајќи ја одржливоста на должничката позиција.

4.3. Управување со јавниот долг

Напорите за поголемо штедење од страна на владиниот сектор се комплементарни со политиката за ефикасно и одговорно управување со јавниот долг, односно се насочени кон постигнување на одржливо ниво на задоленост и стабилизирање на нето долгот на централната државна власт на ниво од 37% од БДП.

Во согласност со Стратегијата за управување со јавниот долг, Владата на Република Македонија ќе применува селективна политика на задолжување на државата. Зацврстувањето на механизмите за управување со јавниот долг, пред се, подразбира:

- зајакнување на законската и институционалната рамка;
- оценување на финансиските услови на задолжување во зависност од фискалниот капацитет;
- оценување на оправданоста на задолжувањето, имајќи ја предвид намената за која се користат средствата;
- усвојување на годишни планови за висината на средства од надворешни извори кои би можеле да се инвестираат во одделни сектори на економијата од страна на Владата на Република Македонија.

Во 2003 година ќе се продолжи со лимитирањето на новите задолжувања од странство, кои се остваруваат под неконцисионални услови. Воедно, редовно ќе се сервисираат достасаните обврски кон странските кредитори, со цел натамошно стекнување на довербата на странските инвеститори.

Ефективното управување со јавниот долг ја наметнува потребата од развој на ефикасен пазар на должнички инструменти. За таа цел, во 2003 година ќе се отпочнат активности за збогатување на портфолиото на државни хартии од вредност во Република Македонија, што ќе овозможи усогласување на ликвидносните потреби на буџетот со финансирањето на тековниот буџетски дефицит.

4.4. Реформи на јавната администрација

Реформите на јавната администрација ќе бидат интензивирани со склучување на нов Аранжман за приспособување на управувањето со јавниот сектор (PSMAC) со Светската банка. Посебен акцент ќе биде ставен на реструктуирањето на Фондот за здравствено осигурување.

Владата ќе ја реализира својата програмска определба за елиминирање на превработеноста во јавниот сектор која пред сé ќе се остварува преку транспарентна, законска приватизација на деловите што не претставуваат основна дејност (одвојување на несуштинските активности). Во тие рамки, Министерството за правда ќе предложи мерки и ќе изготви пресметка на потребните средства за рационализација на превработеноста во органите на управата.

4.5. Фискална децентрализација

Во 2003 година, во Република Македонија ќе отпочнат напорите за фискална децентрализација базирани на неколку претпоставки:

- Изготвување на нова територијална структура со значително намален број на општини, процес кој треба да се заврши пред финализирањето на Законот за финансирање на локалната самоуправа.
- Разграничување на одговорностите и приходите меѓу локалните власти и централната власт. Во таа насока, и средствата кои се добиваат од централната власт ќе се определуваат според формула за воедначување, со што ќе се ограничат дискреционите права.
- Внимателно разработување на нефискалните импликации од фискалната децентрализација, со кои се одредува начинот на кој децентрализацијата влијае на квалитетот на јавните услуги (пр. како специфичните мерки за децентрализација влијаат на квалитетот на основното образование).

Врз основа на овие претпоставки, во Република Македонија ќе се спроведе етапна фискална децентрализација, при што во секоја фаза на општините ќе им се пренесуваат специфичните одговорности во врска со расходите во различни сектори, заедно со соодветните финансиски ресурси.

4.6. Превенција и санкционирање на корупцијата

Со оглед на отсуството на прецизна регулатива, јасни цели, методи и средства за спречување на корупцијата, во 2003 година ќе се преземат активности за сеопфатна анализа на сите сегменти кои го сочинуваат системот на национален интегритет. Активностите за искоренување на корупцијата ќе се фокусираат на ревидирање на законските прописи и дискреционите права, отстранување на нетранспарентните процедури и зајакнување на институционалниот капацитет на системот за борба против корупцијата на државно и на локално ниво. Предвидените активности ќе бидат координирани од страна на Државната комисија за спречување на корупција, преку заедничка акција и градење консензус со невладиниот сектор и меѓународната заедница. Врз основа на сознанијата ќе бидат предложени и конкретни предлог-мерки, кои ќе бидат вградени во Националната програма за превенција и репресија на корупцијата.

5. Надворешен сектор

И покрај намалената економска активност кај некои од најголемите надворешно-трговски партнери на Република Македонија, зголемената инвестициона активност и мерките за поттикнување на извозот во 2003 година ќе поддржат раст на доларскиот износ на извозот од 8,4%. Меѓутоа, увозната зависност на македонската економија и намалувањето на царинските стапки на суровините и на репроматеријалите по влезот во Светската трговска организација ќе повлечат висок пораст на увозот. Иако нема да дојде до позначителни промени на трговскиот дефицит, подобрувањето на билансот на услугите и поголемиот прилив на официјални трансфери ќе придонесат за намалување на дефицитот на тековната сметка на платниот биланс.



Извор: Министерство за финансии.

Дефицитот на тековната сметка во најголем дел ќе биде финансиран преку долгорочно кредитно задолжување, исклучиво под концесионални услови. Освен тоа, зацврстувањето на политичката и макроекономската стабилност и подобрувањето на инвестиционата клима ќе го зголемат структурното учество на недолжничкото финансирање на дефицитот на тековната сметка преку очекуван прилив на странски директни инвестиции од 100 милиони САД долари.

5.1. Мерки за поттикнување на извозот

Основен приоритет на надворешно-трговската политика во 2003 година ќе биде создавање услови за динамизирање на извозот на стоки со цел обезбедување поголемо присуство на македонските производи на меѓународниот пазар. За таа цел особено внимание ќе се посвети на зголемување на производството на стоките за извоз, како и на мерките и инструментите за промоција на извозот и маркетинг истражувањата.

Значењето на извозот ќе биде уште поголемо имајќи предвид дека во 2003 година нашата земја ќе пристапи во членство на Светската трговска организација (СТО). За таа цел, Владата на Република Македонија ќе го поддржи поагресивниот настап на македонските производи на странските пазари, од што ќе зависи амортизирањето на првиот прилив на стоки од земјите на СТО.

Во 2003 година, Министерството за економија поинтензивно ќе одржува работилници со менаџерите за значењето и можностите што ги нуди влезот во СТО, но и за обврските кои произлегуваат од тоа. Со тоа македонските менаџери ќе се запознаат повеќе со економскиот амбиент што го нуди влезот во СТО.

За успешно остварување и зголемување на извозот, македонските фирми ќе бидат охрабрени да посветуваат поголемо внимание на квалитетот, како и на повисокиот степен на доработка на стоките, базиран врз техничко-технолошки современа опрема, со истовремено намалување на трошоците на производство, подобрување на пакувањето на производите во модерен дизајн, следење на трендовите на светскиот пазар и нивната промоција.

Особено значење ќе се посвети на прашањето на стандардизацијата и сертификацијата, како важни аспекти на настапот на македонските производи на светските пазари. Стандардизацијата ќе го поттикне и домашното производство и потрошувачка, утврдувајќи прецизни норми и стандарди за производите од домашно потекло и увоз што влегуваат во прометот, со цел заштита од нелојална конкуренција.

За подобрување на ефикасноста во овој домен, ќе се зајакнат функциите на системот за акредитација, стандардизација и метрологија. Истовремено, ќе се продолжи со доуредување и усогласување на законската регулатива со европските стандарди.

Македонската банка за поддршка на развојот ќе овозможи приоритетно користење на кредити од страна на фирмите за производство наменето за извоз со поповолни услови. Постојната програма на МБПР за осигурување на извозот од комерцијални и некомерцијални ризици во земјите на OECD, ќе се прошири и на други земји, кои се значајни извозни пазари за Република Македонија, преку осигурување во име и за сметка на Република Македонија. Притоа, ќе се обезбеди целосно и стриктно почитување на пазарните принципи и меѓународните правила за државна поддршка на производството и услугите наменети за извоз (правила на OECD и Бернската унија), како основен постулат во преземањето мерки и активности за поддршка на извозот. Стручните и техничките работи поврзани со осигурувањето на извозот во име и за сметка на Република Македонија ќе ги врши Македонска банка за поддршка на развојот.

Во соработка со Проектот за конкурентност на Македонија, домашните производители од сродни дејности ќе бидат охрабрени да се поврзуваат во "индустриски кластери" како сложен економски систем, за зголемување на конкурентноста, нивно поврзување со афирмирани странски партнери и заеднички настап на странските пазари. Проектот за конкурентност на Македонија е финансиран од USAID со средства во висина од 12 милиони САД$.

Ќе се обезбеди тесна координација, соработка и обединување на напорите со активностите и проектите на донаторите во Република Македонија, во насока на развивање заеднички активности за создавање конкурентност и подобрување на извозните можности на македонската економија. Во таа смисла, ќе се формира Форум на извозници, кој ќе ги разгледува проблемите со кои извозниците се соочуваат на домашен терен, а се поврзани со извозот, проблеми на странските пазари, административни бариери за извоз, транспортни бариери и слично. Врз основа на утврдените проблеми, ќе се преземат мерки за нивно разрешување и ќе се предлагаат конкретни мерки за идно дејствување на сите членови на форумот.

Министерството за финансии двапати годишно ќе публикува листа на расположливи извори на финансирање (со прецизно наведени услови за кредитирање), која во вид на брошура ќе им се доставува на македонските претпријатија - извозници.

Министерството за економија во 2003 година ќе ги согледа неповолностите во одделни договори за слободна трговија и ќе покрене постапка за нивно ревидирање, при што посебно ќе се внимава цариниите при увозот на суровините и репроматеријалите да бидат пониски за домашното производство, кое директно е погодено од либералниот влез на соодветните производи од земјата увозник:

Царинската постапка во 2003 година во голем дел ќе биде олеснета и поедоставена, со цел побрз проток на стоките и приближување со регулативата на Европска унија.

Министерството за економија во соработка со другите надлежни институции и органи ќе преземе активности за отпочнување на постапка за примена на правилото за дијагонална кумулација за потекло на стоките, врз основа на претходно направена оценка за можните економски и финансиски ефекти од нејзината примена.

Доделувањето на квотите во 2003 година ќе се одвива по принципот "прв дојден, прв услужен". За таа цел е утврдена процедура од страна на Царинската управа, која ќе одржува работилници за запознавање на менаџерите со начинот и постапката за нивното доделување.

Министерството за економија посебно внимание ќе посвети на истражување на странските пазари. При тоа, ќе се истражува странската побарувачка и редовно ќе се излегува во јавноста со информации.

Заради поуспешна промоција на извозот, ќе отпочнат со работа трговски претставници во дипломатско-конзуларните претставништва во странство, особено во земјите во кои се остварува поголем извоз.

Во 2003 година ќе се иницира соработка со Меѓународниот трговски центар, кој работи во рамките на UNCTAD и Светската трговска организација. Основни цели на МТЦ се развивање на извозните способности и зголемување на извозот од земјите во развој и земјите во транзиција.

За оваа цел ќе се подготви публикација за производствените и извозните можности на македонското стопанство за земјоделските, прехранбените и инду-

стриските производи (по проекти за одделни производи, во кои ќе се наведат расположиви количини за извоз, квалитет, особености и сл.).

5.2. Соработка со меѓународните финансиски институции

Обновувањето на успешната соработка со ММФ ќе претставува позитивен сигнал за меѓународната заедница и потврда на здравата макроекономска политика и реформската ориентација. Со склучувањето на аранжманот со ММФ ќе се овозможи користење на средствата од донаторската конференција и привлекување на странски директни инвестиции во поголем обем.

Новите проекти кои ќе бидат финансирани од страна на Светската банка ќе бидат дефинирани во новата тригодишна Стратегија за поддршка на Република Македонија 2003-2005 година, со годишна финансиска поддршка од 50 милиони САД $. Во насока на надминување на административните бариери на кои наидуваат странските инвеститори во Република Македонија, во 2003 година Владата на Република Македонија во соработка со Светската банка ќе преземе активности за реализација на завршната фаза на Проектот на Советодавниот сервис за странски инвестиции (FIAS).

6. Монетарна политика

Одржувањето на ценовната стабилност ќе биде основната цел на монетарната политика и во 2003 година. Проектираната стапка на инфлација од 3% ќе се одржува преку политиката на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото, што ќе овозможи задржување на ценовната конкурентност на извозот мерена преку реалниот ефективен девизен курс. На среден рок, монетарната стратегија и политиката на девизниот курс ќе бидат одредени од политичката цел за влез на Република Македонија во Европската монетарна унија.

Нето девизната актива на банкарскиот систем на Република Македонија во 2003 година се очекува да се намали за 2,6%, што во најголема мера ќе се должи на намалувањето на девизните средства на комерцијалните банки за 15%. Намалувањето ќе биде резултат на измените на Законот за девизно работење кои ќе бидат направени во текот на 2003 година, со кои ќе се овозможи одобрување на девизни кредити на сите правни лица, што ќе обезбеди поголема искористеност на девизниот потенцијал на комерцијалните банки. Имајќи ја во предвид адекватната месечна покриеност на увозот (еквивалентна на 3,9-месечен увоз), се предвидува умерен пораст на бруто девизните резерви на Република Македонија од 30 милиони $.

Рестриктивната фискална политика ќе овозможи намалено финансирање на буџетскиот дефицит од домашни извори, што ќе обезбеди реален пораст на кредитирањето на приватниот сектор од 6,3%. Воедно, тоа ќе придонесе и за намалување на каматните стапки на благајничките записи и на пазарот на пари, кои се референтни стапки при формирањето на активните каматни стапки на комерцијалните банки.

Во 2003 година е проектиран пораст на парична маса МЗ од 6.7%, пред сé како резултат на повисоките приватни денарски депозити (за 16,7% повеќе), како и незначителниот пораст на девизните депозити. Истовремено, готовите пари во оптек се очекува да забележат намалување од -1.6%, додека депозитите на државата (централен буџет и фондови) во 2003 година се очекува да останат на приближно исто ниво како и минатата година.

7. Проекција на макроекономските агрегати

Во 2003 година, имајќи ги во вид оценетите можности, претпоставки и ограничувачки фактори, основните макроекономски агрегати во 2003 година ќе ги имаат следните проектирани големини:

- реални стапки на промени

	1999	2000	2001	2002[1])	2003[2])
Реален сектор					
Бруто домашен производ - реална стапка на раст	4,3	4,5	-4,5	0,3	3,0
- по тековни цени, во милиони денари	209.010	236.390	233.841	238.764	253.305
- во милиони САД долари	3.730	3.582	3.437	3.711	4.330
Инфлација (трошоци на живот, просек)	0,7	5,8	5,5	1,8	3,0
Просечна месечна нето-плата					
-номинална стапка на пораст	2,9	5,5	3,5	6,5	5,0
- реална стапка на пораст	3,6	-0,3	-1,9	4,7	2,0
Стапка на невработеност (АРС)		32,1	30,5	31,9	30,4
Фискален сектор			(% од БДП)		
Приходи на централниот буџет	22,6	24,5	22,0	23,3	22,8
Расходи на централниот буџет	21,9	21,8	27,7	28,8	24,4
Буџетски дефицит/суфицит	-0,7	2,7	-5,7	-5,5	-1,6
Надворешен сектор					
Трговски биланс, салдо (во милиони САД%)	-585,0	-771,0	-533,0	-752,0	-725,0
Трговски биланс, % од БДП	-15,7	-19,8	14,3	-20,3	-19,5
Тековна сметка, салдо (во милиони САД$)	-32,5	-75,3	-235,4	-318,0	-302,0
Тековна сметка, % од БДП	-0,9	-2,1	-6,8	-8,6	-6,9
Месечна покриеност на увозот (девизни резерви/увоз)	3,2	4,1	4,9	3,9	3,9
Монетарен сектор			Реални стапки на пораст		
Кредитирање на приватен сектор	10,1	11,1	1,4	7,3	6,3
МЗ приватен сектор	30,2	20,2	49,3	-10,0	3,9
Готови пари во оптек	15,3	10,5	40,3	-2,3	-4,5
Брзина на пари во оптек (крај на период)	3,3	4,9	3,1	3,4	3,4

[1]) Оценка
[2]) Проекција
*) Стапките се пресметани во доларски износи

Макроекономската политика ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-245/1
20 јануари 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

573.

Врз основа на член 8 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), а во согласност со Макроекономската политика на Република Македонија за 2003 година, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 03.03.2003 година, донесе

О Д Л У К А ЗА ДЕВИЗНАТА ПОЛИТИКА И ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2003 ГОДИНА

1. Со девизната политика во 2003 година ќе се создаваат услови за динамизирање на извозот на стоки и услуги, како основен приоритет, како и обезбедување на неопходниот увоз, редовно извршување на тековните обврски спрема странство, влез на странски директни инвестиции и одржување на девизните резерви на потребното ниво.

2. Со цел запознавање со значењето и можностите што ги нуди влезот во СТО и обврските кои произлегуваат од тоа, во 2003 година поинтензивно и континуирано ќе се одржуваат работилници со претприемачите, што ќе овозможи амортизирање на првиот прилив на стоки од земјите на СТО.

За поуспешен настап на македонските производи на светските пазари ќе се посвети значајно внимание на стандардизацијата и сертификацијата. Со тоа ќе се поттикне домашното производство и потрошувачка, утврдувајќи прецизни норми и стандарди за производите од домашно потекло и увоз што влегуваат во прометот, со цел заштита од нелојална конкуренција.

За подобрување на ефикасноста во овој домен, ќе се зајакнат функциите на системот за акредитација, стандардизација и метрологија. Истовремено, ќе се продолжи со доуредување и усогласување на законската регулатива со европските стандарди.

За зголемување на извозот на стоки и услуги и девизниот прилив од извоз и по други основи македонските фирми ќе бидат поттикнати за зајакнување на нивната конкурентна способност преку посветување поголемо внимание на квалитетот, како и на повисокиот степен на доработка на стоките, базиран на технички-технолошки современа опрема, со истовремено намалување на нивните трошоци за производство, подобрување на пакувањето на производите во модерен дизајн, следење на трендовите на светскиот пазар и нивната промоција. За таа цел ќе се вложуваат средства во создавање менаџерски кадар и маркетинг служби во фирмите, за истражување на странските пазари, нивните барања и други карактеристики, анализи на нивната конкурентност или состојба на пазарот и сл.

Македонската банка за поддршка на развојот ќе овозможи приоритетно кредитирање на производство наменето за извоз со поповолни услови. Постојната програма на МБПР за осигурување на извозот од комерцијални и некомерцијални ризици во земјите на OECD, ќе се прошири и на други земји, кои се значајни извозни пазари за Република Македонија, преку осигурување во име и за сметка на Република Македонија. Притоа, ќе се обезбеди целосно и стриктно почитување на пазарните принципи и меѓународните правила за државна поддршка на производството и услугите наменети за извоз (правила на OECD и Бернската унија), како основен постулат во преземањето мерки и активности за поддршка на извозот. Стручните и техничките работи поврзани со осигурувањето на извозот во име и за сметка на Република Македонија ќе ги врши Македонската банка за поддршка на развојот.

Ќе се обезбеди тесна координација, соработка и обединување на напорите со активностите и проектите на донаторите во Република Македонија, во насока на развивање заеднички активности за создавање конкурентност и подобрување на извозните можности на македонската економија. Во таа смисла, ќе се формира Форум на извозници, кој ќе ги разгледува проблемите со кои извозниците се соочуваат на домашен терен, а се поврзани со извозот, проблеми на странските пазари, административни бариери за извоз, транспортни бариери и слично. Врз основа на утврдените проблеми, ќе се преземат мерки за нивно разрешување и ќе се предлагаат конкретни мерки за идно дејствување на сите членови на форумот.

Во соработка со Проектот за конкурентност на Македонија, домашните производители од сродни дејности ќе бидат охрабрени да се поврзуваат во "индустриски кластери" како сложен економски систем, за зголемување на конкурентноста, нивно поврзување со афирмирани странски партнери и заеднички настап на странските пазари. Проектот за конкурентност на Македонија е финансиран од USAID со средства во износ од 12 милиони долари.

Министерството за финансии двапати годишно ќе публикува листа на расположиви извори на финансирање (со прецизно наведени услови за кредитирање), која во вид на брошура ќе им се доставува на македонските претпријатија - извозници.

Во 2003 година ќе се согледаат неповолностите во одделни договори за слободна трговија и ќе се покрене постапка за нивно ревидирање, при што посебно ќе се внимава цариниите при увозот на суровините и репроматеријалите да бидат пониски за домашното производство, кое директно е погодено од либералниот влез на соодветните производи од земјата увозник.

Царинската постапка во 2003 година во голем дел ќе биде олеснета и поедноставена, со цел побрз проток на стоките и приближување со регулативата на Европската унија.

Ќе преземаат активности за отпочнување на постапка за примена на правилото за дијагонална кумулација за потекло на стоките, врз основа на претходно направена оценка за можните економски и финансиски ефекти од нејзината примена на билатерална основа.

Доделувањето на квотите во 2003 година ќе се одвива по принципот "прв дојден, прв услужен". За таа цел е утврдена процедура од страна на Царинската управа, која ќе одржува работилници за запознавање на менаџерите со начинот и постапката за нивното доделување.

Заради поуспешна промоција на извозот, ќе отпочнат со работа трговски претставници во дипломатско-конзуларните претставништва во странство, особено во земјите во кои се остварува поголем извоз.

Во 2003 година ќе се иницира соработка со Меѓународниот трговски центар, кој работи во рамките на UNCTAD и Светската трговска организација. Основни

цели на МТЦ се развивање на извозните способности и зголемување на извозот од земјите во развој и земјите во транзиција.

За оваа цел ќе се подготви публикација за производствените и извозните можности на македонското стопанство за земјоделските, прехранбените и индустриските производи (по проекти за одделни производи, во кои ќе се наведат расположиви количини за извоз, квалитет, особености и сл.).

За интензивирање на туристичко-информативната пропаганда во странство ќе се подготви Програма за поттикнување на развојот на туризмот. Посебно внимание ќе се даде на активностите поврзани со искористување на можностите што ги дава претстојната Олимпијада, што ќе се одржи во Атина во 2004 година. За успешно информирање на странските туристи ќе се издадат посебни брошури и пропагандни материјали.

Градежните работи во странство ќе се поддржуваат со издавање на гаранциски инструменти, со цел зголемување на нивната конкурентност при учество на меѓународни тендери, Истовремено, со гаранциски инструменти ќе се поддржуваат и инвестициони проекти кои се реализираат во земјата со доминантно учество на странски инвеститори.

3. Увозот ќе се остварува во согласност со потребите и можностите на економијата и населението.

Во услови на висок степен на либерализација на надворешно-трговското работење, за да се ублажи проблемот на неконтролиран увоз на стоки, надлежните органи ќе ги заострат критериумите и контролата за стандардизација на квалитетот на увезените стоки (задолжително поседување на документи за стандарди, атести и сл.).

4. Во 2003 година ќе продолжи политиката на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото, што ќе овозможи задржување на ценовната конкурентност на извозот мерена преку реалниот ефективен девизен курс.

5. Помошта што Република Македонија ќе ја добие од Донаторската конференција ќе се настојува што побрзо да се реализира и ќе се насочи за ублажување на неповолните состојби предизвикани од воените дејства, поддршка на економијата и на Платниот биланс.

6. Во 2003 година ќе се продолжи со лимитирањето на новите задолжувања од странство, кои се остваруваат под неконцесионални услови. Воедно, редовно ќе се сервисираат достасаните обврски кон странските кредитори, со цел натамошно стекнување на довербата на странските кредитори.

За забрзување на економските реформи во државата и надминување на проблемите ќе се склучи нов "стенд бај" аранжман со ММФ кој ќе изнесува 27 милиони долари, од кои 16 милиони долари е предвидено да се користат во 2003 година.

Во насока на надминување на административните бариери на кои наидуваат странските инвеститори во Република Македонија, во 2003 година Владата на Република Македонија во соработка со Светската банка ќе преземе активности за реализација на завршната фаза на Проектот на Советодавниот сервис за странски инвестиции (FIAS).

Ќе се вршат промотивни активности преку организирање на бизнис форуми, презентации и семинари во земјата и странство за привлекување на странски директни инвестиции.

7. Во согласност со Проекцијата на платниот биланс, со вкупните бруто девизни резерви со кои ракува Народна банка на Република Македонија се предвидува да се одржува ниво од околу четиримесечна покриеност на увозот на стоки и услуги.

